# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## Државен училишен центар за образование и рехабилитација

## „Партенија Зографски“ Скопје

за периодот 2023-24 и 2024-25

Скопје, август 2025

# Содржина

ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ ... 3
ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ ... 4
**ВЕРИФИКАЦИЈА НА ЦЕНТАРОТ** ... 4
**ВОВЕД ВО САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА ЦЕНТАРОТ** ... 5
**Цели на самоевалуацијата:** ... 6
**ПРОЦЕС НА САМОЕВАЛУАЦИЈА** ... 7
***Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата (табела)*** ... 10
***Нивоа на постигања*** ... 10
**ПОДРАЧЈА НА ВРЕДНУВАЊЕ:** ... 12
**1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ** ... 12
**2. ПОСТИГАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** ... 31
3. **УЧЕЊЕ И НАСТАВА** ... 51
**4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ** ... 73
**5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** ... 86
6. **РЕСУРСРИ** ... 96
**7.УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА** ... 112
ИДНИ АКТИВНОСТИ И ПРИОРИТЕТИ: ... 136

## ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив | Државен училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ |
| Вид на образование | Средно образование за ученици со посебни образовни потреби |
| Град | Скопје |
| Општина | Гази Баба |
| Адреса | Благоја Стефковски бр.45 |
| Населба | Триангла, Маџари |
| Директор | Слободанка Цеповска |
| Контакт | 02 2529-744 фак 02 2529-714 |
| е-маил | ducorpartenijazografski@yahoo.com |

ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски” Скопје е училиште за средно стручно образование за ученици со посебни образовни потреби  (со оштетен слух).

Центарот својата дејност ја остварува во два наменски изградени објекти: училишна зграда и ученички дом каде се згрижени учениците од други општини во Р Македонија.

Основна дејност на Центарот е: образование, воспитување, рехабилитација, професионално и работно оспособување на ученици со оштетен слух од Р Македонија.

Воспитно – образовната работа во Центарот се одвива на македонски јазик и кирилско писмо.

Педагошката документација и евиденција се води на македонски јазик и кирилско писмо.

**ВЕРИФИКАЦИЈА НА ЦЕНТАРОТ**

Центарот е основан со решение на Извршен совет на РМакедонија број 137 од 17.05.1955 година како Стручно занатско училиште за глуви деца.Наставата се одвивала во зградата на тогашната Заштитна работилница „Светлост“ – Скопје. Од 1975 година воспитно-образовниот процес се одвива во објектите во кои работи Центарот и денес. Со донесување на Законот за социјална заштита на СРМ („Службен весник на СРМ бр.16/70“) Центарот го промени својот назив во Центар за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух Скопје.

Со Статутот од 01.11.1979 година потврден од страна на Собранието на СРМ со решение бр.08-2683 Центарот го менува називот во Центар за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај“ Скопје.

Врз основа на член 39 ст.1 т.3, а во врска со член 38 ст.2 од Статутот на Центар за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај“ – Скопје по спроведениот референдум на 27.02.1995 година, Работничкиот совет на Центарот донесе Одлука за промена на името на Центарот (Одлука бр.04-64 од 28.02.1995 година) во Центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ Скопје.

Со решение бр.11-562/3 од 22.05.1996 година Центарот е верифициран за следните струки и занимања (тригодишно образование со настава од четири години):

- машинска струка-бравар, металостругар, автолимар
- текстилна струка – конфекционер
- дрвопреработувачка – столар
- графичка струка – печатар и книгоповезувач

Врз основа на Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за средно образование и Правилникот за верификација на средното училиште и водење на регистарот, Министерството за образование и наука донесе решение бр. 09-343/3 од 04.02.2002 за верификација на експериментална настава според програмата за Реформирано средно стручно образование и обука во РМ за образовните профили бравар-заварувач, обработувач на метали од машинска струка и конфекционер од текстилна струка со четиригодишно треање за тригодишно образование.

Од 24.04.2008 година Центарот го менува називот во Државен училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ Скопје.

Со решение бр.11-316/5 од 21.06.2011 од Министерството за образование и наука извршена е верификација на условите за реализација на Наставниот план и програма во четиригодишно образование со времетраење од пет години за образовниот профил машински техничар под машинска струка и конфекциски техничар од текстилно-кожарска струка.

## ВОВЕД ВО САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА ЦЕНТАРОТ

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на Центарот.

Во постапката на самоевалуацијата на Центарот се бара одговор на три клучни прашања:

**Колку е добро нашето училиште?**

**Како го знаеме тоа?**

**Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на Центарот.

**Цели на самоевалуацијата:**

Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.

Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со Центарот.

Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, воспитувачи, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.

Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.

Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.

Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува Центарот и нивно надминување.

Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.

Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.

Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

## ПРОЦЕС НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**ФОРМИРАЊЕ ТИМ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

↓

**ПРИМЕНА НА СООДВЕТНИ ИНДИКАТОРИ, МЕТОДИ И ИНСТРУМЕНТИ**

↓

**СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА УЧИЛИШТЕТО**

↓

**АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА**

↓

**ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА**

↓

**ИЗРАБОТКА НА УЧИЛИШЕН РАЗВОЕН ПЛАН**

# ТИМ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Наставни планови и програми**

Игор Китановски, Маја Вељановска, Ленче Симјаноски

**Постигнувања на учениците**

Јана Златанова, Силвија Ивановска, Блаже Митев

**Учење и настава**

Андријана Новеска, Маријан Богатинов, Тони Трајковски

**Поддршка на учениците**

Васил Фотиновски, Братислав Стојановиќ, Љубиша Савески

**Училишна клима и односи во училиштето**

Славица Митева, Валентина Јанкоска, Јасминка Костова Гуњова

**Ресурси**

Билјана П. Митиќ, Лидија Томевска

**Управување, раководење и креирање политика**

Фредерика Тасевска, Весна Јовческа, Јасминка Н.Стојановска

## Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата

За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е да се согледаат **условите** во кои училиштето работи, **процесите** кои се одвиваат во него како и **резултатите** и **постигнувањата** на училиштето.

Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување и индикатори за квалитет (**табеларен приказ**).

| **Подрачја на вреднување** | **Индикатори за квалитет** |
|---|---|
| 1. Наставни планови и програми | Реализација на наставните планови и програми<br>Квалитет на наставните планови и програми<br>Воннаставни активности |
| 2. Постигања на учениците | Постигања на учениците<br>Задржување/осипување на учениците<br>Повторување на учениците |
| 3. Учење и настава | Планирање на наставниците<br>Наставен процес<br>Искуства на учениците од учењето<br>Задоволувања на потребите на учениците од наставата<br>Оценување како дел од наставата<br>Известување за напредокот на учениците |
| 4. Поддршка на учениците | Севкупна грижа за учениците<br>Здравје<br>Советодавна помош<br>Следење на напредокот |
| 5. Училишна клима и односи во училиштето | Училишна клима и односи во училиштето<br>Промовирање на постигањата<br>Еднаквост и правичност<br>Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница |
| 6. Ресурси | Сместување и просторни капацитети<br>Наставни средства и материјали<br>Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br>Финансиско работење во училиштето |

| | |
|---|---|
| 7. Управување, раководење и креирање политика | Управување и раководење со училиштето<br>Цели и креирање на училишната политика<br>Развојно планирање |

***Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата (табела)***

| ТЕХНИКИ | ИНСТРУМЕНТИ |
|---|---|
| НАБЉУДУВАЊЕ | СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА |
| АНКЕТИРАЊЕ | АНКЕТИ<br>ПРАШАЛНИЦИ |
| ИНТЕРВЈУ | РАЗГОВОРИ (ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ) |
| АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ<br>Електронски дневник за работа, извештаи, записници и сл. | ЧЕК ЛИСТИ |

***Нивоа на постигања***

**Нивоата на постигања** содржат јасни и прецизни описи на постигнувањата кај поединечните **индикатори** во рамките на одредено **подрачје на вреднување**. Врз основа на меѓународните искуства и индикаторите за квалитет на работата на училиштата изготвен од МОН (Државен просветен инспекторат) во Скопје, 2009 г. вреднувањето на оствареното се врши на четири нивоа и тоа: многу добро, добро, делумно задоволува, не задоволува.

**Ниво 4 / многу добро** - се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни. Може да постојат мал број слаби страни, меѓутоа тие значително не влијаат на искуството што го имаат учениците во училиштето. Иако многу добро е највисок стандард, сепак тој стандард може да го постигне секое училиште. Тој укажува дека училиштето во тој аспект е добро и не треба да прави позначајни прилагодувања. Сепак, се очекува училиштето да продолжи да го одржува високото ниво на тој аспект и да ги користи сите можности и добри пракси што му се нудат за понатамошно подобрување.

**Ниво 3 /добро** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде постојат бројни јаки страни. Има слаби страни, но тие ниту поединечно ниту групно немаат значително негативно влијание на искуството што го имаат учениците во училиштето. Евалуацијата добро може да се даде под бројни околности. На пример, учењето и наставата се соодветни и како резултат на тоа искуството на учениците е позитивно, сепак може да се дојде до сознание дека на учениците не им се нуди доволно предизвик. Најчесто овој аспект се карактеризира со јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои влијаат на севкупниот квалитет на искуството што го имаат учениците.

**Ниво 2 / делумно задоволува** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето кои имаат некои јаки страни, но имаат и значителни слаби страни кои влијаат на искуството на учениците. Во целина, кога се евалуира со делумно задоволува, тоа значи дека училиштето треба да преземе структурни и навремени активности за подобрување на состојбите. Евалуацијата делумно задоволува може да се даде под бројни околности. Може да постојат јаки страни, но, исто така, и слаби страни кои индивидуално или групно може да го нарушат квалитетот на работата на училиштето.

**Ниво 1/ не задоволува** – Со не задоволува се евалуираат оние аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето. Искуството на учениците е загрозено во некои клучни аспекти. Во најголем број на случаи, наставата е оценета како незадоволителна и е потребна дополнителна поддршка од раководството во планирање и спроведување на соодветни активности за подобрување. Ова може да вклучува потреба од поддршка од искусни колеги од училиштето или надвор од него.

## ПОДРАЧЈА НА ВРЕДНУВАЊЕ:

## 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:**

**1.1. Реализација на наставните планови и програми**

**1.2. Квалитет на наставните планови и програми**

**1.3. Воннаставни активности**

Извори на податоци:

- Наставни планови и програми одобрени од МОН
- Годишни глобални и тематски планирања
- Дневни планирања на наставниците
- Главните книги за претходните две учебни години
- Годишна програма за работа на Центарот
- Годишен извештај на Центарот
- Дневник за работа
- Годишна програма за работа на класниот раководител
- Записници од Одбор на родители
- Извештаи и материјали од работата на стручните активи
- Планови и програми за работа на проектни активности
- Извештај од реализирани проектни активности
- Планови и програми за дополнителна и додатна настава
- Записник во дневник за работа и годишна програма -ученички екскурзии
- Општествено корисна работа –Годишна програма за работа на Центарот
- Пофалби и награди од воннаставните активности во училиштето и ученичкиот дом
- Сертификати за учество, пофалници, дипломи, освоени награди, пехари
- Анкетни прашалници

### 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Применувани наставни планови и програми

Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ Скопје е средно стручно училиште за ученици со оштетен слух во кое се реализира воспитно-образовна дејност од машинска и текстилно-кожарска струка и тоа:

- ❖ за редовни ученици со четиригодишно траење на образованието во:

- образовен профил машински техничар по реформирани наставни планови и програми од 2011 година

- образовен профил конфекциски техничар по реформирани наставни планови и програми од 2011 година

- ❖ за редовни ученици со четиригодишно траење на образованието во:

- образовен профил обработувач на метал по реформирани наставни планови и програми од 2002 година

- образовен профил бравар-заварувач по реформирани наставни планови и програми од 2002 година

- образовен профил конфекционер по реформирани наставни планови и програми од 2002 година

- работно оспособување во машинска струка по реформирани наставни планови и програми од 2002 година

- работно оспособување во текстилна струка по реформирани наставни планови и програми од 2002 година

Во наставните планови се застапени Програмски подрачја и наставни предмети по година и фонд на часови, поделени како општо-образовни (заеднички и предмети во функција на струката), стручни (заеднички предмети за струката и предмети карактеристични за образовниот профил), изборни предмети и слободни часови на училиштето.

Реализацијата на наставните програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концептот за средно образование. Содржините во сите наставни програми овозможуваат вклучување на точките на акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми, но во наставните програми по стручните предмети има потешкотии при имплементација на теми од меѓуетничка интеграција во образованието.

Наставните програми се прилагодени на потребите на учениците со оштетен слух, со цел обезбедување рамноправен пристап до образование и целосно совладување на

наставните содржини. Во таа насока, времетраењето на образовниот процес е продолжено, и тоа:

- тригодишното образование трае четири години,
- четиригодишното образование трае пет години.

Ова прилагодување овозможува поефикасна реализација на наставата, користење на соодветни дидактички методи и средства, како и создавање услови за индивидуален пристап кон секој ученик.

При планирањето и реализацијата на наставата се земаат предвид и индивидуалните психофизички способности на учениците со помали можности, преку изработка и спроведување на индивидуален образовен план (ИОП).

Секако се зема во предвид можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите во зависност од видот и степенот на нивното образование преку барање помош, мислење,сугестии и вклучување во разни активности соодветни на нивната професија и афинитет, за подобрување на условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност. Исто така, се вршат одредени прилагодувања на програмата од страна на наставниците поради недостаток на учебници, особено во тригодишното образование. Теоретската настава се реализира според постојните наставни планови и програми во четиригодишно стручно образование и во тригодишното стручно образование во машинската и текстилната струка.

Практичната настава за учениците од текстилно-кожарската струка се изведува според наставните планови и програми во училишната работилница со посета на други соодветни организации од приватниот сектор.

Практичната настава за учениците од машинската струка, во прва и втора година, се изведува според наставниот план и програма во училишната работилница, додека во останатите три години на образование, практичната настава се изведува во приватни компании со дејност согласно образовниот профил за кој се определиле учениците.

**Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**

На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците со содржината на наставниот план и програма за тековната учебна година, а родителите на родителските средби и преку родителските одбори се запознаваат со содржините и воспитно-образовните цели кои ќе се реализираат.

Целите на наставните планови и програми кои треба да се реализираат, треба да бидат познати и на учениците и на родителите. Поради тоа, училиштето применува повеќе начини за информирање.

На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците со содржината на наставниот план и програма за тековната учебна година. Родителите, пак, се информираат преку родителските средби, како и преку Советот на родители, каде што се претставуваат содржините и воспитно-образовните цели кои ќе се реализираат.

Наставните планови и програми се достапни на веб-страниците на БРО и ЦСОО, како и на веб-страницата на училиштето.

**На прашањето**: Редовно сте информирани со целите на наставните планови и програми што се реализираат во училиштето добиени се следните резултати:

| Родители | | | Ученици | | | Наставници | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | **Не** | **Не знам** | **Да** | **Не** | **Не знам** | **Да** | **Не** | **Не знам** |
| 80 | 10 | 10 | 70 | 20 | 10 | 100 | 0 | 0 |




**Изработување на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби**

Во училиштето нема вработено дефектолог, иако се работи за средно стручно училиште за ученици со оштетен слух, во кое во последните години се зголемува бројот на ученици со

комплексни потреби. За таа цел, се зајакнуваат капацитетите на училиштето преку обуки на наставниците, како и преку советодавна работа со учениците за прифаќање на различностите, надминување на стереотипите и предрасудите, со што се создава позитивна клима и атмосфера во училиштето.

Училиштето посветува внимание на идентификување, евидентирање и следење на учениците со посебни потреби, изработка на индивидуални образовни планови во согласност со видот на попреченоста и нивото на претходните постигнувања, адаптирани наставни програми, како и поддршка за наставниците во работата со оваа категорија ученици. Притоа, посебно значење има соработката со родителите, која игра голема улога во постигнувањето на поставените цели за учениците со посебни образовни потреби.

Резултатите укажуваат дека на прашањето: Дали училиштето ги има приспособено наставните програми за ученици со посебни образовни потреби, дека 90% од родителите се согласуваат, нема родители кои не се согласуваат и само 5% од родителите не знаат. 80% од учениците се согласуваат, 5% не се согласуваат и 15% не знаат, додека 100% од наставниците се согласуваат.




Истовремено, за надарените ученици и оние кои покажуваат интерес за проширување и продлабочување на знаењата во одделни воспитно-образовни подрачја, се организираат часови по додатна настава. Додатна настава се одржува и за учениците од завршните години како подготовка за Државна матура или завршен испит.

**Избор на наставни предмети**

Изборните предмети се застапени во четиригодишното стручното образование и тоа во четврта и петта година. На сите ученици подеднакво им се дава можност да избираат два наставни предмети, и тоа:

Во машинската струка:

- општообразовни предмети: математика и физика
- стручни предмети: возила и механизација и автоматско управување и програмирање

Во текстилната струка:

- општообразовни предмети: математика и хемија
- стручни предмети: технологија на конфекционирање и конструкција и моделирање на облека

Преку изборните програми учениците ги прошируваат и продлабочуваат знаењата, способностите и вештините од научените области за кои се определиле. Изборните програми се во функција на професионалната ориентација на учениците и нивна подготовка за поквалитетно следење на повисокиот степен на образование. По определување на изборните предмети тие стануваат задолжителни за ученикот и влијаат на општиот успех. Реализирањето на овие часови се одвива според истите критериуми и квалитет како наставата за задолжителните предмети.

**На прашањето**: Постапката за избор на изборните предмети според наставниот план се применува во целост со доследно почитување на потребите и барањата на учениците, 100%, одговориле дека се согласуваат.

| Родители | | | Ученици | | | Наставници | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | **Не** | **Не знам** | **Да** | **Не** | **Не знам** | **Да** | **Не** | **Не знам** |
| 100 | 0 | 0 | 100 | 0 | 0 | 100 | 0 | 0 |




Освен изборните предмети, во тригодишното образование, како посебно подрачје во наставните планови се реализираат слободни часови на училиштето. Слободните часови на училиштето се една од формите на воспитно-образовната дејност која има за цел да ги задоволи индивидуалните потреби на дел од учениците кои доброволно се определуваат за нив, за стекнување, проширување и продлабочување на своите знаења, развивање на способности, вештини и изградување на сопствени ставови за подготовка на младите како активни граѓани во нашето демократско општество. Во училиштето се формираат групи од ученици и се изготвува програма за работа според утврдени критериуми. По предлог на наставничкиот совет, училиштето бара стручно мислење од Бирото за развој на образованието за потребата и можностите од прифаќање и реализација на програмата.

**На прашањето**:Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните часови на училиштето добиени се следните резултати:

| Родители | | | Ученици | | | Наставници | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | **Не** | **Не знам** | **Да** | **Не** | **Не знам** | **Да** | **Не** | **Не знам** |
| 70 | 20 | 10 | 60 | 25 | 15 | 100 | 0 | 0 |




Државната матура е наменета за учениците од четиригодишното средно стручно образование. Покрај тоа што претставува завршен дел на средното образование има за цел да послужи и за селекција на кандидатите за запишување на високообразовните институции.

Државната матура се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветните наставни предмети кои се вклучени во листата за државна матура.

Државната матура опфаќа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.

Завршниот испит е наменет за учениците од четиригодишното средно стручно образование кои нема да полагаат државна матура. Целта на овој испит е добивање на сертификат за завршено четиригодишно средно стручнообразование. Завршниот испит се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветните наставни предмети. Завршниот испит опфаќа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.

Завршен испит полагаат и учениците од образовните профили со тригодишно траење. Испитот е составен од два дела: писмена работа, есеј по Македонски јазик и Практична работа.

Редовните ученици со завршено средно стручно образование со тригодишно траење на образованието имаат можност да го продолжат своето образование во петта година. На почетокот на учебната година на овие ученици им се издава решение за премин од еден во друг образовниот профил. До крајот на првото полугодие треба да полагаат пет испитни програми за да се здобијат со потврда за положени дополнителни испити.

На учениците кои од одредени причини не можат да ги следат и совладуваат програмите за тригодишно и четиригодишно стручно образование, училиштето им нуди можност за работно оспособување до двегодишно траење според посебен план и програма изготвена од страна на Бирото за развој на образованието и одобрени од страна на Министерството за образование и наука.

### 1.2.Квалитет на наставните планови и програми

**Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**

Училиштето обезбедува целосна поддршка на наставниците во подготовката и осовременувањето на наставните планови и програми. Поддршката се остварува преку учество на наставниците на семинари, обуки и други форми на стручна надградба и усовршување, како и преку користење на соодветни материјални и технички ресурси. На овој начин наставниците се поттикнуваат постојано да придонесуваат кон унапредување на квалитетот на наставниот процес.

Наставниците кои предаваат предмети од стручното подрачје имаат можности за интегриран пристап во реализирањето на наставните содржини, што е особено значајно при поврзувањето на теоретските содржини со практичната настава.

Во училиштето учат ученици од различен пол и различно етничко потекло. Почитувањето на начелата за родова еднаквост и етничка припадност е составен дел од работата на училиштето. Во текот на изминатите години не се евидентирани појави на меѓуетнички конфликти. Во училиштето владее позитивна клима меѓу учениците којашто се надградува врз основа на меѓусебната соработка, доверба и почит. Не постојат конфликтни ситуации меѓу учениците и сите активности се реализираат по пат на договор.

Наставните планови и програми придонесуваат за личниот и општествениот развој на учениците. Теми од областа на човековите права и слободи се реализираат на одделенските часови, но и во рамки на наставните содржини по одделни предмети.

Училиштето преку своите органи редовно прибира мислења и предлози од родителите во врска со наставните програми и учебните помагала, со посебен акцент на мултикултурализмот и родовата рамноправност.

Од голема важност за оваа компонента е имплементацијата на проектот Меѓуетничка интеграција на младите во образованието. За реализација на овој проект нашето училиште има потпишано договор за соработка со СУГС „8 Септември“. Во изминатите две години, беа организирани различни активности со учениците, со цел продлабочување на компетенциите потребни за живот во интегрирано мултиетничко општество, во духот на меѓусебно разбирање, мир, толеранција, почитување на другите, прифаќање на разликите и остварување на правото на еднаквост за сите.

**Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**

Училиштето остварува соработка со Локалната заедница преку заеднички акции од областа на екологијата (еко-одбор), разни општествено-културни активности (прослава на јубилеи, патронен празник), спортски меѓуопштински натпревари и сл. Училиштето го искористува сето она што го нуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи но исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците.

Учениците и од машинската и од текстилно-кожарската струка, четиригодишно образование, во прва, втора, трета и четврта година спроведуваат професионална практика, предвидена во наставниот план и програма, со времетраење од десет работни денови. Оваа практика овозможува директна соработка со локалната заедница и им дава на учениците можност да стекнат применливи знаења и практични вештини за извршување на конкретни работни задачи во рамките на нивниот образовен профил.

Со користење на ресурсите што ги нуди локалната средина, училиштето успешно ги остварува своите програмски задачи, а воедно придонесува и за подигнување на културното и образовното ниво на учениците.

**Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**

Наставниците успешно ги вградуваaат општите и меѓу предметните цели на образованието во наставните програми (развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество).

Реализацијата на планот и програмата за класните часови овозможува учениците да се стекнат со основни знаења и информации за здрав начин на живеење, унапредување на здравјето и развивање на позитивни навики. Се дискутита на теми поврзани со успехот, редовноста, дисциплината и екологијата, кои придонесуваат за развивање на одговорност, самодисциплина и свест за заштита на животната средина. Посебно значаен е фактот што учениците активно учествуваат во предлагањето на теми, со што се зголемува нивната мотивација и се обезбедува поголема усогласеност на содржините со нивните интереси и возраст. На тој начин класните часови добиваат практична вредност и ја исполнуваат својата воспитно-образовна функција.

Може да се истакне дека класните часови претставуваат значајна поддршка во личниот и социјалниот развој на учениците, во создавањето позитивна училишна клима и во унапредувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

**Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми**

Наставниците имаат можност постојано да го модифицираат и прилагодуваат наставниот план и програмата, со цел подобрување на квалитетот на наставата и поттикнување на активното учење кај учениците. Ова се остварува преку континуирано стручно усовршување, како и преку примена на различни активни методи и техники на учење кои го развиваат критичкото и аналитичкото размислување кај учениците, ги поттикнуваат нивната креативност и самостојност во процесот на учење. Предметните наставници редовно учествуваат на семинари, обуки и работилници организирани од Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието (БРО) и различни национални и меѓународни невладини организации. Овие активности обезбедуваат наставниците да се запознаат со најновите педагошки пристапи, иновативни стратегии и добри практики во наставата, кои можат да ги применат во својата секојдневна работа. На овој начин, наставниците не само што го подобруваат сопствениот професионален развој, туку и придонесуваат за постигнување на подобри резултати кај учениците, овозможувајќи им да развијат широка палета на знаења, вештини и компетенции потребни за успешно справување со современите предизвици.

Во училиштето нема програма за соработка со родителите, но според спроведените анкети, постои мислење дека родителите, во многу мал процент влијаат врз измени и

дополнувања на наставните планови и програми. Родителите можат да придонесат преку активно учество во Советот на родители, на родителските средби, со свои предлози, со што нивниот придонес помага во подобрување на условите за реализација на наставата и поддршка на ученичкиот развој. Учениците, пак, можат да влијаат врз реализацијата на наставните планови и програми преку својата активност, заинтересираност и мотивираност, при што нивното учество директно ја подобрува ефикасноста на наставниот процес.

**1.3 Вонnаставни активности**

Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат како поддршка за нивниот личен, социјален и емоционален развој. Во рамките на овие активности се реализираат различни форми на учество, како што се слободни ученички активности, натпревари, екскурзии, активности за грижа за здравјето, општествено-корисна работа и рекреативни програми. Воннаставните активности се достапни подеднакво за машките и женските ученици, како и за учениците со посебни образовни потреби (ПОП), без оглед на нивната социјална или етничка припадност. Придобивките од овие активности се повеќекратни: учениците се мотивираат за активно учество, се развива нивната креативност, се поттикнува натпреварувачкиот дух и се промовира тимска соработка.

Целта на активностите поврзани со здравствената и физичката култура е изградба на зрела и одговорна личност, со развиена свест за значењето на здравјето како основен предуслов за лична среќа и квалитетен живот. Училиштето, во согласност со условите и расположливите ресурси, се стреми да обезбеди просторни и организациони услови кои ќе овозможат активно учество во слободните активности, поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересите на учениците, развивање колективна свест и збогатување на општествениот и културниот живот на учениците.

За секоја секција, одговорните наставници изработуваат програма за работа, која има ориентационен карактер и овозможува учениците самостојно да ги избираат содржините, да ги организираат активностите и да ги реализираат соодветно. Особено внимание се посветува на хигиенските услови и естетскиот изглед на училишните простори и училишниот двор, со цел создавање стимулативна и безбедна средина за учење и развој.

Исто така, училиштето има посебна задача да го воспита младото поколение за рамноправни, хумани и одговорни односи меѓу половите, промовирајќи вредности на толеранција, почитување на различностите и социјална одговорност. Воннаставните активности, преку својата разновидност и инклузивност, овозможуваат учениците не само да ги развијат своите лични способности, туку и да се подготват за активно и одговорно учество во општеството. Во рамките на ликовната и драмската секција учениците изработија уметнички творби, приредија изложби и драмски претстави, и учествуваа на повеќе културни манифестации. Со тоа се овозможи развивање на креативноста, самодовербата и уметничкиот израз кај учениците. Изработените и подарени уметнички предмети придонесоа за промоција на училиштето во заедницата.

Учениците активно се вклучија во спортските секции: кошарка, фудбал, пинг-понг и планинарење. Училиштето учествуваше на повеќе турнири и натпревари на локално, државно и меѓународно ниво, каде што беа освоени значителен број дипломи, пехари и признанија. Овие активности придонесоа за физичкиот развој на учениците, создавање на здрави навики и развивање на натпреварувачки, но и тимски дух.

Учениците активно учествуваа во различни активности поврзани со екологијата и природата. Реализирани беа акции за чистење и уредување на училишниот двор и јавни површини, садење дрвја и цвеќиња, како и други активности кои придонесоа за подобрување на животната средина. Дополнително беа организирани едукативни прошетки во природа, како и посети на заштитени природни подрачја. Овие активности овозможија учениците директно да се запознаат со природните убавини и биолошката разновидност, да ја развијат љубовта кон природата и еколошката свест, како и да изградат чувство на одговорност за зачувување и унапредување на животната средина. Ваквите искуства придонесуваат за формирање на позитивни ставови кај учениците кон заштитата на природата и поттикнуваат активен однос кон заедничкото добро.

Овие активности поттикнаа тимска работа, развој на социјални вештини и чувство на припадност кон заедницата, а истовремено придонесоа за здрав и активен начин на живот.

Според добиените одговори на прашањето: Во училиштето се планираат и реализираат разновидни воннаставни активности со цел да се задоволат интересите и потребите на учениците, 65% од учениците се согласуваат, 10% не се согласуваат и 25% не знаат. Од родителите 80% се согласуваат, 10% не се согчасуваат и 10% не знаат.




**Културни и општествени активности**

Посетите на музеи, театри, културни настани и саеми овозможија учениците да се запознаат со културното наследство и современите достигнувања. Дополнително, преку општествено-корисна работа учениците развиваа чувство за одговорност, хуманост и граѓанска свест.

**Екскурзии**

Организирани беа еднодневни и повеќедневни екскурзии со воспитен, културен и стручен карактер. Учениците ги посетија културно-историските знаменитости на нашата држава и индустриски капацитети соодветни на нивниот образовен профил. Со тоа се проширија нивните знаења, се збогати нивното искуство и се создадоа услови за дружење и зајакнување на колективниот дух.

**Дополнителна, додатна и консултативна настава**

За учениците со потешкотии во совладување на наставната програма се организираше дополнителна настава, со цел совладување на минималните стандарди. За учениците кои покажаа зголемен интерес и способности се реализираше додатна настава, која овозможи подготовка за учество на натпревари, проекти и активности од областа на науката и техниката. Консултативната настава пак беше од голема помош за учениците кои се упатени на поправни испити, оние кои го сменија образовниот профил или се подготвуваа за завршен испит.

**Практична настава**

Практичната настава беше реализирана во училишни работилници, а дел и во соработка со локалното стопанство. Оваа форма на работа им овозможи на учениците стекнување на практични вештини и реално искуство во струката за која се обучуваат.

**Ученичка заедница**

Преку ученичката заедница учениците активно се вклучуваа во животот и работата на училиштето. Тие учествуваа во донесување на одлуки, организирање на настани и иницијативи, како и во поддршка на своите соученици. Со тоа се развиваше чувство за демократија, одговорност и активна партиципација.

***Прикажување на сумираните резултати од анкетите на подрачјето***

**Прашалник за ученици**

За анализа е спроведена анкета со вкупно 20 ученици и и од прашалникот се добиени следните резултати изразени во %

| Ред. бр. | Тврдење/исказ | Да (%) | Не (%) | Делумно (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Наставните програми и содржини одговараат на моите интереси и ги исполнуваат моите очекувања | 60 | 10 | 30 |
| 2 | Содржината во наставните програми одговара на возраста и потребите на учениците | 70 | 20 | 10 |
| 3 | Редовно посетувам дополнителна настава | 75 | 15 | 10 |
| 4 | Наставните програми во училиштето се адаптирани за учениците со посебни образовни потреби, со цел нивно успешно вклучување во наставниот процес | 80 | 5 | 15 |
| 5 | Постапката за избор на изборните предмети, согласно наставниот план, се спроведува со почитување на интересите и потребите на учениците | 70 | 20 | 10 |
| 6 | Интересите и желбите на учениците се поддржани преку разновидни програми што училиштето ги реализира во рамките на слободните часови | 80 | 10 | 10 |
| 7 | Во училиштето се планираат и реализираат разновидни воннаставни активности со цел да се задоволат интересите и потребите на учениците | 65 | 10 | 25 |
| 8 | Во рамките на воннаставните активности активно се вклучуваат и ученици со посебни образовни потреби | 85 | 0 | 15 |
| 9 | Вклучувањето на учениците во воннаставните активности се врши врз основа на нивниот личен интерес и избор | 100 | 0 | 0 |
| 10 | Наставниците ги поттикнуваат учениците да развиваат натпреварувачки дух и активно ги охрабруваат за учество на различни натпревари | 70 | 10 | 20 |

**Прашалник за родители**

За анализа е спроведена анкета со вкупно 15 родители и од прашалникот се добиени следните резултати изразени во %

| Ред. бр. | Тврдење/исказ | Да (%) | Не (%) | Делумно (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Редовно сте информирани со целите на наставните планови и програми што се реализираат во училиштето | 75 | 15 | 10 |
| 2 | Наставните програми се прилагодени на возраста и потребите на учениците | 60 | 20 | 20 |
| 3 | Знаењата што ги стекнува моето дете ќе му користат за понатамошното школување, вработување и за животот воопшто | 60 | 20 | 20 |
| 4 | Дали училиштето ги има приспособено наставните програми за ученици со посебни образовни потреби | 90 | 0 | 10 |
| 5 | Дали училиштето организира доволно воннаставни активности (спортски, културни, уметнички, едукативни) | 80 | 10 | 10 |
| 6 | Дали Вашето дете има можност самостојно да избере во кои воннаставни активности ќе учествува | 100 | 0 | 0 |
| 7 | Дали сте задоволни од начинот на кој училиштето ги поттикнува учениците да учествуваат на натпревари и јавни настани | 70 | 10 | 20 |
| 8 | Дали училиштето создава позитивна клима на толеранција, почитување и соработка меѓу учениците од различна етничка и социјална припадност | 100 | 0 | 0 |
| 9 | Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните часовии | 65 | 15 | 20 |
| 10 | Информиран/а сум за реализирањето на дополнителна/додатна настава по сите предмети во училиштето | 70 | 10 | 20 |

**Прашалник за наставници**

За анализа е спроведена анкета со вкупно 15 наставници и од прашалникот се добиени следните резултати изразени во %

| Ред. бр. | Тврдење/исказ | Да (%) | Не (%) | Делумно (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Наставата ја реализирам согласно наставните програми одредени од МОН (БРО) | 100 | 0 | 0 |
| 2 | Наставните содржини ги прилагодувам на нивото на знаење на учениците | 100 | 0 | 0 |
| 3 | Наставните програми и содржини овозможуваат да се исполнат очекувањата и интересите на ученикот | 75 | 10 | 15 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4** | Применувам ИКТ во наставниот процес | 70 | 10 | 20 |
| **5** | Користам разновидни техники за реализација на наставата | 60 | 10 | 30 |
| **6** | Ги земам во предвид разликите на учениците во напредокот, знаењето и можностите за совладување | 80 | 0 | 20 |
| **7** | Располагам со наставни средства и помагала кои им овозможуваат на учениците полесно совладување на наставната содржина | 60 | 30 | 10 |
| **8** | Наставните содржини ги поврзувам со практична примена и потребите на пазарот на трудот | 65 | 0 | 35 |
| **9** | Редовно и успешно реализирам дополнителна настава | 100 | 0 | 0 |
| **10** | Редовно и успешно реализирам додатна настава | 80 | 0 | 20 |
| **11** | Применувам изготвени критериуми за оценување на учениците | 50 | 20 | 30 |

Од спроведените анкети со ученици, родители и наставници може да се заклучи дека поголемиот дел од испитаниците се задоволни од наставните програми, содржини и реализацијата на наставата. Посебно позитивни резултати се забележуваат во делот на инклузијата на учениците со посебни образовни потреби, можноста за личен избор на воннаставни активности и создавањето позитивна училишна клима. Родителите ја истакнуваат потребата од поголема практична применливост на знаењата, додека наставниците најчесто укажуваат на ограничени наставни средства и потребата од јасни критериуми за оценување. Сумирано, училиштето покажува високо ниво на инклузивност и мотивација, со можност за дополнително унапредување во делот на разновидноста на активностите, практичната ориентација и стандардизацијата на оценувањето.

## ***РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ***

Реализацијата на наставните планови и програми во Државниот училишен центар „Партенија Зографски“е во согласност со националните стандарди и обезбедува квалитетна воспитно-образовна дејност за учениците со оштетен слух. Програмите се адаптирани на нивните потреби преку продолжено времетраење, индивидуални образовни планови и прилагодувања во методите и содржините. Вклученоста на родителите и соработката со надворешни институции дополнително го збогатуваат образовниот процес.

Квалитетот на наставните планови и програми се унапредува преку континуирано стручно усовршување на наставниците, почитување на начелата за мултикултурализам и родова еднаквост, како и интегрирање на потребите на локалната заедница. Ова создава позитивна клима, меѓусебна доверба и услови за развој на лични и социјални компетенции кај учениците.

Воннаставните активности претставуваат значаен сегмент на воспитно-образовната работа, овозможувајќи им на учениците да развиваат креативност, спортски дух, еколошка свест и граѓанска одговорност. Нивното активно учество придонесува за зајакнување на тимската работа, создавање позитивен имиџ на училиштето и постигнување забележителни резултати во различни области.

**Клучни (јаки) страни:**

- Наставните планови и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно изработени;
- Целосна реализација на наставните планови и програми одобрени од МОН и прилагодени на ученици со оштетен слух
- Редовно се изготвуваат годишните, тематските и дневните планирања од страна на сите наставници;
- Редовно водење на педагошка документација;
- Наставниците изготвуваат индивидуални опбразовни планови за работа со ученици со комплексни потреби;
- Наставата ја реализира соодветен стручен кадар;
- Училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат;
- Успешна реализација на воннаставните активности
- Учениците, со поддршка од училиштето и наставниците, активно учествуваат на различни манифестации и натпревари од повеќе области, организирани на училишно, општинско, регионално, државно и меѓународно ниво
- Подготвеност за унапредување и модернизација на наставниот процес

- Училиштето овозможува учество на сите наставници на интерни и екстерни семинари, обуки и работилници, со цел нивно стручно усовршување и унапредување на квалитетот на наставата
- Наставниците имаат можност самостојно да избираат методи, форми и техники за реализација на наставните содржини во рамките на наставната програма
- Сите видови на настава: задолжителна, слободни часови како и дел од слободните ученички активности, дополнителната и додатната настава се квалитетно планирани и реализирани

**Слаби страни:**

- Постоечките наставни планови и програми се застарени, бараат реформа и прилагодување на современите образовни потреби
- Учениците имаат малку време за воннаставни активности поради големиот број на редовни предмети
- Во училиштето нема вработено дефектолог, иако се работи за средно стручно училиште за ученици со оштетен слух
- Во училиштето нема програма за соработка со родителите
- Слаба реализација на додатна настава

Наставници: Игор Китановски, Маја Велјановска, Ленче М. Симјаноски

## 2. ПОСТИГАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

2.1. Постигања на учениците

2.2. Задржување/осипување на учениците

2.3. Повторување на учениците

2. 1. Постигања на учениците

2.1.1. Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди

2.1.2. Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)

2.1.3. Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби

2.1.4. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава

2.1.5. Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование

Извори на податоци-документи кои се прегледани:

- Наставни планови и програми одобрени од МОН
- Годишни глобални и тематски планирања
- Дневни планирања на наставниците
- Годишна програма на училиштето за учебната 2023/2024 и годишна програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година
- Е-дневници за работа
- Записници од родителски совет
- Анализи на успехот
- Самоевалуација на училиштето за учебната 2022/2023 година
- Статут на училиштето

Споредбена анализа за постигањата на редовноста и поведението на учениците по пол, етничка припадност, струки, образовен профил, степен на образование, наставни предмети и квалификациони периоди

Предмет на евалуацијата на ова подрачје е постигнатиот успех на учениците во изминатиот период при што треба да бидат опфатени најбитните аспекти на постигнувањата на учениците во образовниот процес, како што се анализа на постигнат успех на учениците, разлики во половата и етничката припадност кај учениците, начинот на подобрување на успехот, бројот на запишани и завршени ученици, нивната опфатеност или осипување на учениците и друго. Сите овие аспекти се претставени во операционализирани и препознатливи индикатори за квалитет.

Информациите добиени во текот на евалуацијата ќе бидат корисни и истите ќе се земат во предвид и ќе помогнат во планирањето на корективни, иновативни и други акции кои се во функција на унапредување и задржување на квалитетот на наставата, учењето и резултатите од учењето.

Во ова подрачје се очекува да се разгледаат и споредат постигнувањата на учениците во училиштето. Овде се вклучени успехот на учениците, промените од една година во друга и разликите помеѓу различни групи ученици. Важно е да се разгледа како училиштето ги потикнува сите ученици да го постигнат својот полн максимум и како оценувањето се користи и влијае за оваа цел. Во ова подрачје исто така се разгледуваат и постигнувањето на училиштето во задржување на учениците до завршување на нивното школување и намалувањето на повторувањето.

Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ Скопје е средно стручно училиште каде се образуваат и воспитуваат, рехабилитират и професионално се оспособуваат за пазарот на трудот, лица со посебни потреби - со оштетен слух и говор. Во овој период во центарот се застапени односно изборот на учениците се сведува воглавно на две струки и тоа:

-четиригодишно образование во машинска струка со образован профил – машински техничар, со времетраење од пет години

-четиригодишно образование во текстилно-кожарска струка со образовен прифил-конфекциски техничар, со времетраење од пет години

-тригодишно образование-машинска струка со образовниот профил: бравар-заварувач и обработувач на метал, со времетраење од четири години

-тригодишно образование-текстилна струка со образовниот профил; конфекционер, со времетраење од четири години

-работно оспособување, за ученици кои поради нивните психофизички способности не се во можност да ги следат редовните наставни планови и програми, во времетраење од 6 месеци до две години.

Центарот е верифициран и за уште две струки: дрвопреработувачка и графичка, но интересот на учениците за овие струки е многу мал.

Наставата во Центарот се изведува по прилагодени наставни планови и програми за потребите и можностите на оваа категорија ученици, донесени од Бирото за развој на образованието.

Наставата се изведува во наменски изградени објекти со училници и кабинети и посебна зграда-ученички дом каде се сместени учениците од внатрешноста, бидејќи ова е единствено училиште за оваа категорија ученици.

**Следење на постигањата на учениците**

Следењето на постигањата на учениците се прави континуирано во текот на целата учебна година, особено кон крајот на учебната година при што се воочуваат промените кај учениците и навремено превземање на активности кои би го поттикнале подобрувањето на успехот кај учениците.

Споредбени анализи се вршат врз основа на постигнатиот општ успех на учениците, успехот по струки, постигнатиот успех по степен на образование, пол, наставни предмети, и национална припадност на учениците. Постигнатиот успех пред се се базира на психофизичките способности на учениците во класот. Секогаш подобар успех постигнуваат класовите и учениците каде што учениците се само со хендикепот- глув или наглув или со оштетен говор, а се со просечни или натпросечни интелектуални способности, во однос на класовите и учениците поединечно каде што освен оштетување на слухот и говорот имаат и други пречки, односно се со комбинирани пречки во развојот.

Најпрво мора да се истакне дека некоја поглобална споредбена анализа не може да се направи поради тоа што е мал бројот на ученици и мал број на паралелки. На пример во една струка по степенот на образование има само еден клас така што нема со што да се споредува.

Просечниот успех во учебните години 2022/23, 2023/24 и 2024/25 нема сигнификантна разлика.

Во прилог: Табели

| **2022/2023** | **Број на ученици кои ја завршиле учебната година** |
|---|---|
| **I** | **8** |
| **II** | **7** |
| **III** | **11** |
| **IV** | **10** |
| **V** | **2** |
| **Р.О.** | **-** |
| **ВКУПНО** | **38** |

| **Постигнат успех** | **2022/2023** |
|---|---|
| **одличен успех** | **9** |
| **многу добар успех** | **16** |
| **добар успех** | **9** |
| **доволен успех** | **4** |
| **со 3 слаби** | **-** |
| **Р.О.** | **-** |
| **ВКУПНО** | **38** |

| **2023/2024** | **Број на ученици кои ја завршиле учебната година** |
|---|---|
| **I** | **8** |
| **II** | **8** |
| **III** | **6** |
| **IV** | **11** |
| **V** | **6** |
| **Р.О.** | **-** |
| **ВКУПНО** | **39** |

| **Постигнат успех** | **2023/2024** |
|---|---|
| **одличен успех** | **11** |
| **многу добар успех** | **17** |
| **добар успех** | **10** |
| **доволен успех** | **1** |
| **со 3 слаби** | **-** |
| **Р.О.** | **-** |
| **ВКУПНО** | **39** |

| **2024/2025** | **Број на ученици кои ја завршиле** |
|---|---|

| **Постигнат успех** | **2024/2025** |
|---|---|

| | учебната година |
|---|---|
| I | 15 |
| II | 8 |
| III | 8 |
| IV | 6 |
| V | 9 |
| Р.О. | - |
| ВКУПНО | 46 |

| | |
|---|---|
| одличен успех | 15 |
| многу добар успех | 21 |
| добар успех | 9 |
| доволен успех | 1 |
| со 3 слаби | - |
| Р.О. | - |
| ВКУПНО | 46 |

Постигања на учениците

- Следење на постигањата на учениците
- Подобрување на постигањата на учениците
- Идентификација на учениците со потешкотии во учењето, на надарените учениците и учениците со посебни образовни потреби
- Подобрување на на потсигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава
- Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и едно и друго ниво на образование

**Следење на постигањата на учениците**

Следењето на постигањата на учениците се прави континуирано во текот на целата учебна година, особено кон крајот на учебната година при што се воочуваат промените кај учениците и навремено превземање на активности кои би го поттикнале подобрувањето на успехот кај учениците.

Во учебната 2022/2023 година учениците од I-V година со успех ја завршија учебната година при што се воочува дека 23.5% од учениците постигнале одличен успех, 42% од учениците постигнале многу добар успех, 23.5% од учениците постигнаа добар успех, а 11% од учениците постигнаа доволен успех.

| | 2022/2023 | процент |
|---|---|---|
| одличен успех | 9 | 23.5 % |

| | | |
|---|---|---|
| **многу добар успех** | **16** | **42 %** |
| **добар успех** | **9** | **23.5%** |
| **доволен успех** | **4** | **11%** |
| **со 3 слаби** | **-** | **-** |
| **ВКУПНО** | **38** | **100%** |
| **Р.О.** | **-** | **-** |




Во учебната 2023/2024 година учениците од I-V година со успех ја завршија учебната година при што се воочува дека 28% од учениците постигнале одличен успех, 43.5% од учениците постигнале многу добар успех, 26% од учениците постигнаа добар успех, а 2.5% од учениците постигнаа доволен успех.

| **постигнат успех** | **2023/2024** | **процент** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **одличен успех** | **11** | **28 %** |
| **многу добар успех** | **17** | **43.5 %** |
| **добар успех** | **10** | **26%** |
| **доволен успех** | **1** | **2.5%** |
| **со 3 слаби** | **-** | **-** |
| **ВКУПНО** | **39** | **100%** |
| **Р.О.** | **-** | **-** |




Во учебната 2024/2025 година учениците од I-V година со успех ја завршија учебната година при што се воочува дека 32.6% од учениците постигнале одличен успех, 45.6% од учениците постигнале многу добар успех, 19.6% од учениците постигнаа добар успех, а 2.2% од учениците постигнаа доволен успех.

| | **2024/2025** | **процент** |
|---|---|---|
| **одличен успех** | **15** | **32.6 %** |

| | | |
|---|---|---|
| **многу добар успех** | **21** | **45.6 %** |
| **добар успех** | **9** | **19.6%** |
| **доволен успех** | **1** | **2.2%** |
| **со 3 слаби** | **-** | **-** |
| **ВКУПНО** | **46** | **100%** |
| **Р.О.** | **-** | **-** |




Компарација на постигнатиот успех на учениците во период од учебна 2022/2023 до 2024/2025 година

Врз основа на анализата на податоците за постигнатиот успех се забележува дека учениците постигнуваат континуиран добар успех по завршувањето на учебните години во периодот од учебна 2022/2023 до 2024/2025 година.

Се забележува дека учениците во изминатиот период континуирано го постигнуваат успехот и бројот на ученици со одличен успех на крајот на учебните години се движи од 9-15 ученика. Континуитет се забележува и кај учениците кои постигнуваат доволен успех поточно просечен број на ученици со доволен успех е 4 и 1 ученик. Бројот

на учениците со постигнат многу добар успех се движи од 16-21, додека бројот на учениците со постигнат добар успех е 9 до 10 ученици.

| | Одличен | Мн. добар | Добар | Доволен |
|---|---|---|---|---|
| **2022/2023** | **9** | **16** | **9** | **4** |
| **2023/2024** | **11** | **17** | **10** | **1** |
| **2024/2025** | **15** | **21** | **9** | **1** |




Компаративна анализа на постигнувањата на учениците од различен пол

Врз основа на анализата на податоците за постигнатиот успех се забележува дека учениците постигнуваат различен успех по завршувањето на учебните години во периодот од учебна 2022/2023 до 2024/2025 година по однос на нивната полова структура. Статистички постои разлика во постигнатиот успех кај учениците од различен пол т.е. полот е фактор кој влијае на постигнувањето на успехот кај учениците.

| Постигнат успех | Ученици од машки пол | Ученици од женски пол | Вкупно ученици 2022/23 | Ученици од машки пол | Ученици од женски пол | Вкупно ученици 2023/24 | Ученици од машки пол | Ученици од женски пол | Вкупно ученици 2024/25 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одличен успех | 5 | 4 | 9 | 8 | 3 | 11 | 13 | 2 | 15 |
| Многу добар успех | 13 | 3 | 16 | 14 | 3 | 17 | 16 | 5 | 21 |
| Добар успех | 5 | 4 | 9 | 6 | 4 | 10 | 8 | 1 | 9 |
| Доволен успех | 3 | 1 | 4 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| Без успех | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 26 | 12 | 38 | 28 | 11 | 39 | 37 | 9 | 46 |

Учебна 2022/23 година



Учебна 2023/24 година




Учебна 2024/25 година




Поради малиот број на ученици запишани во Центарот а со тоа и бројот на класови по школски години е мал, односно по еден клас во секоја година на образование и еден клас во струката и степенот на образование, некоја поопсежна компаративна анализа и не може да се направи. Сепак напред се дадени компаративни анализи на успехот на учениците постигнат во годината на школување и успехот постигнат по пол.

Споредувајќи ги постигањата на учениците по струки и образовен профил и по степен на образование ќе се заклучи следното:

Во учебната 2022/2023 година просечен успех постигнат во машинската струка-четиригодишно образование изнесуваше 3,68, во учебната 2023/2024 година изнесуваше 4,12, а во учебната 2024/2025 година изнесуваше 4,41.

Во тригодишното образование – машинска струка во учебната 2022/2023 година изнесуваше 3,62 во учебната 2023/2024 година 3,75, а во учебната 2024/2025 година изнесуваше 3,7.

Во четиригодишното образование во текстилно-кожарска струка просечен успех постигнат во учебната 2022/2023 година изнесуваше 4,2, во учебната 2023/2024 година 4,04, а во учебната 2024/2025 година изнесуваше 4,23.

Во тригодишното образование во текстилна струка, во учебната 2022/2023 година немаше запишани ученици. Во учебната 2023/2024 година изнесуваше 3,58, а во учебната 2024/2025 година изнесуваше 3,75.

Од погоре изнесеното може да се заклучи дека успехот на учениците во четиригодишното образование е константен во сите разгледувани години. Исто така може да се заклучи дека успехот на учениците во четиригодишното образование е подобар во однос на тригодишното образование пред се поради тоа што овде се запишуваат ученици со поголеми психо-физички способности и полесно ги совладуваат наставните содржини.

Општ заклучок е дека во овие паралелки каде што хендикеп на учениците претставува само оштетувањето на слухот и говорот а се со просечни и надпросечни интелектуални способности постигнуваат подобар успех, од паралелките каде што има и ученици со комбинирани пречки кои потешко го совладуваат наставното градиво.

| | машинска 3 год | машинска 4 год | текстилна 3 год | текстилна 4 год | просек |
|---|---|---|---|---|---|
| 2022/2023 | 3,62 | 3.68 | - | 4.20 | **3,83** |
| 2023/2024 | 3,75 | 4,12 | 3.58 | 4,04 | **3,87** |
| 2024/2025 | 3,7 | 4,41 | 3,75 | 4,23 | **4,02** |
| просек | **3,69** | **4,07** | **3,67** | **4,16** | **3,9** |

Овие целокупни сознанија за постигањата на учениците се добиваат од:

Е-дневникот за работа на паралелката, евидентните листови, јавно запишување на оцена во е-дневникот во присуство на учениците, согласно изготвените критериуми за оценување, состаноци на наставнички совет каде се утврдува успехот на тромесечиа, полугодие и на крај на година а се усвојува на состанок на Училишен одбор, извештаи за општиот успех,успехот по струки и години на образование, извештај за постигнатиот успех по наставни предмети,  главни книги за паралелката и главна книга за завршен испит, записници за спроведување на завршни испити во тригодишно и четиригодишно образование и  континуирано информирање на родителите.

**Подобрување на постигањата на учениците**

На секој наставнички совет посебно се потенцира и се бара од наставно-воспитниот кадар да посветат поголемо внимание за подобрување на успехот на учениците а тоа кај нас го овозможува и малиот број на ученици во паралелка, и можноста да се посвети поголемо внимание на секој ученик посебно. Посебно помош за подобрување на успехот пружа и примена на компјутерската техника во процесот на наставата, а Центарот е опремен со компјутери во секој кабинет. За оваа категорија ученици важна улога има примена на принципот на очигледност и затоа наставниците се трудат покрај компјутерската техника да користат и слики, цртежи, макети и друго кое ќе допринесе за полесно совладување на градивото.

Значаен сегмет за подобрување на успехот на учениците се постигнува со реализирање на дополнителна и додатна настава за учениците кои ќе покажат интерес и за учениците за кои предметниот наставик ќе процени дека има потреба од истата.

За подобрување на постигањата на учениците посебно треба да се нагласи желбата и големиот интерес кај поголем број на млади наставници и воспитувачи кои со голем интерес ги посетуваат обуките спроведени во Центарот од стручно лице за совладување на знаковниот јазик кој игра многу важна улога во постигањата на учениците, а исто така и обуките спроведени од Националниот сојуз на глуви и наглуви лица, по кои ќе се спроведе тестирање и ќе добијат сертификат за нивото на познавање на знаковниот јазик.

**Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и едно и друго ниво на образование**

Во текот на воспитно-образовниот процес се следи секој ученик од аспект на можностите учениците да ја следат наставата. Во одредени случаи некои ученици се упатуваат во друго ниво на образование како што е работното оспособување. Таквите случаи се особени кај ученици кои имаат комбинирани пречки во развојот како што се ученици со намален интелектуален развој покрај оштетувањето на слухот и говорот. Учениците кои имаат такви комбинирани потешкотии и не се во можност да ја следат редовната настава се упатуваат на работно оспособување во траење од 6 месеци до 2 години.

Со верификација на Центарот за четиригодишно образование им се дава можност на учениците кои завршуваат во тригодишно образование да продолжат во четиригодишно образование а со тоа и проодност во високото образование каде што веќе има запишано ученици.

Индикатор за квалитет 2.2

Задржување / осипување на учениците

- Опфат на учениците
- Редовност на учениците
- Осипување на учениците
- Премин на учениците од едно во друго училиште

**Опфат на учениците**

Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ Скопје е средно стручно училиште каде се образуваат и воспитуваат, рехабилитираат и професионално се оспособуваат за пазарот на трудот, лица со посебни потреби - со оштетен слух и говор.

Основен критериум за прием на ученици во нашиот центар, покрај медицински наод за оштетувањето на слухот или говорот е и завршено основно образование. Најголем број од нашите ученици претежно имаат завршено основно образование во Основно училиште со ресурсен центар “Кочо Рацин“ Битола и ученици кои биле опфатени во посебната паралелка во О.О.У. „Кузман Јосифовски-Питу“ од Скопје. Одредена бројка на ученици кои се образуваат во нашиот Центар своето основно образование го завршиле во редовни основни училишта близу нивното место на живеење, но без некој посебен постигнат успех.

**Редовност на учениците**

Еден од факторите за постигнување на подобар успех во наставата е редовното присуство на ученикот во наставата.

Учебна 2022/2023 година:Текстилна и Текстилно –кожарска струка

| | Степен и година на образование | Број на ученици | Изостаноци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Текстилна | | | оправдани | неоправдани | вкупно | Просек |
| | I-год. Со 3 годиш образ | - | - | - | - | - |
| | I-год со 4 годиш. образ | 2 | - | - | - | - |
| | II-год. Со 3 годиш. образ | - | - | - | - | - |
| | II-год. Со 4 годиш образ | 2 | - | - | - | - |
| | III-год, со 3 годиш.образ | - | - | - | - | - |
| | III-год. Со 4 годиш.образ | 4 | - | 10 | 10 | 2,5 |
| | IV-год.со 3 годиш.образ | - | - | - | - | - |
| | IV-год. Со 4 годиш.образ | 3 | - | 7 | 7 | 2,3 |
| | V-година | 1 | - | - | - | - |

Учебна 2022/2023 година:Машинска струка

| | Степен и година на образование | Број на ученици | Изостаноци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Машинска | | | оправдани | неоправдани | вкупно | Просек |
| | I-год. Со 3 годиш образ | 2 | - | - | - | - |
| | I-год со 4 годиш. образ | 4 | - | 2 | 2 | 0,5 |
| | II-год. Со 3 годиш. образ | 1 | - | - | - | - |
| | II-год. Со 4 годиш образ | 4 | - | 7 | 7 | 1,75 |
| | III-год, со 3 годиш.образ | 2 | - | - | - | - |
| | III-год. Со 4 годиш.образ | 5 | - | - | - | - |
| | IV-год.со 3 годиш.образ | - | - | - | - | - |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV-год. Со 4 годиш.образ | 4 | - | - | - | - |
| | V-година | 1 | - | - | - | - |

Учебна 2023/2024 година: Текстилна и Текстилно –кожарска струка

| | Степен и година на образование | Број на ученици | Изостаноци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Текстилна | | | оправдани | неоправдани | вкупно | Просек |
| | I-год. Со 3 годиш образ | 3 | - | - | - | - |
| | I-год со 4 годиш. образ | - | - | - | - | - |
| | II-год. Со 3 годиш. образ | - | - | - | - | - |
| | II-год. Со 4 годиш образ | 2 | - | - | - | - |
| | III-год, со 3 годиш.образ | - | - | - | - | - |
| | III-год. Со 4 годиш.образ | 2 | - | 3 | 3 | 1,5 |
| | IV-год.со 3 годиш.образ | - | - | - | - | - |
| | IV-год. Со 4 годиш.образ | 4 | 9 | 2 | 11 | 2,75 |
| | V-година | 3 | - | 8 | 8 | 2,67 |

Учебна 2023/2024 година:Машинска струка

| | Степен и година на образование | Број на ученици | Изостаноци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Машинск | | | оправдани | неоправдани | вкупно | Просек |
| | I-год. Со 3 годиш образ | 2 | 163 | 3 | 166 | 83 |
| | I-год со 4 годиш. образ | 3 | 3 | - | 3 | 1 |
| | II-год. Со 3 годиш. образ | 2 | - | - | - | - |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| а | II-год. Со 4 годиш образ | 4 | - | 1 | 1 | 0,25 |
| | III-год, со 3 годиш.образ | 1 | - | 1 | 1 | 1 |
| | III-год. Со 4 годиш.образ | 3 | 12 | 3 | 15 | 5 |
| | IV-год.со 3 годиш.образ | 2 | - | 1 | 1 | 0,5 |
| | IV-год. Со 4 годиш.образ | 5 | 7 | 33 | 40 | 8 |
| | V-година | 3 | 5 | - | 5 | 1,67 |

Учебна 2024/2025 година:Текстилна и Текстилно –кожарска струка

| | Степен и година на образование | Број на ученици | Изостаноци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Текстилна | | | оправдани | неоправдани | вкупно | Просек |
| | I-год. Со 3 годиш образ | 3 | - | - | - | - |
| | I-год со 4 годиш. образ | 3 | - | - | - | - |
| | II-год. Со 3 годиш. образ | 3 | - | - | - | - |
| | II-год. Со 4 годиш образ | - | - | - | - | - |
| | III-год, со 3 годиш.образ | - | - | - | - | - |
| | III-год. Со 4 годиш.образ | 2 | - | - | - | - |
| | IV-год.со 3 годиш.образ | - | - | - | - | - |
| | IV-год. Со 4 годиш.образ | 2 | - | 5 | 5 | 2,5 |
| | V-година | 4 | - | - | - | - |

Учебна 2024/2025 година:Машинска струка

| | Степен и година на образование | Број на ученици | Изостаноци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | оправдани | неоправдани | вкупно | Просек |
| Машинска | I-год. Со 3 годиш образ | 3 | - | - | - | - |
| | I-год со 4 годиш. образ | 6 | - | 2 | 2 | 0,33 |
| | II-год. Со 3 годиш. образ | 2 | - | - | - | - |
| | II-год. Со 4 годиш образ | 3 | - | - | - | - |
| | III-год, со 3 годиш.образ | 2 | - | - | - | - |
| | III-год. Со 4 годиш.образ | 4 | 1 | 4 | 5 | 1,25 |
| | IV-год.со 3 годиш.образ | 1 | - | - | - | - |
| | IV-год. Со 4 годиш.образ | 3 | 2 | - | 2 | 0,67 |
| | V-година | 5 | - | 13 | 13 | 2,6 |

**Задржување/ осипување на учениците**

Анализирајќи ја состојбата и во минатите учебни години се констатира дека образованието не го завршуваат ученици со комбинирани пречки во психо-физичкиот развој, со слаби предзнаења, слаб интерес кон наставата, голем број на отсуства, слаб интерес од страна на родителите, семејни и социјални проблеми, без разлика на половата, економската и етничката припадност.

Државниот училишен центар е единствено училиште за оваа категорија ученици и затоа отпишувањето т.е. осипувањето на учениците е сведено на минимум. Во случаи кога ученикот го напушта образовниот процес во нашиот Центар причините се најчесто нивно долготрајно напуштање на местото на живеење поточно нивна преселба во друга држава.

- Во учебната **2022/2023** година 1 ученик не го заврши образованието поради недоаѓање во училиште.

- Во учебната **2023/2024** година сите ученици кои што се запишаа го завршија образованието.

- Во учебната **2024/2025** година сите ученици кои што се запишаа го завршија образованието со тоа што еден ученик се запиша т.е. се премести од друго училиште во нашето во второто полугодие со што порасна вкупниот број на завршени ученици.

| | Број на запишани ученици | | | Број на ученици кои завршиле | | | Број на ученици кои не завршиле | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2022/23 | 2023/2024 | 2024/25 | 2022/23 | 2023/24 | 2024/25 | 2022/23 | 2023/24 | 2024/25 |
| I | 9 | 8 | 15 | 8 | 8 | 15 | 1 | - | - |
| II | 7 | 8 | 8 | 7 | 8 | 8 | - | - | - |
| III | 11 | 6 | 8 | 11 | 6 | 8 | - | - | - |
| IV | 10 | 11 | 6 | 10 | 11 | 6 | - | - | - |
| V | 2 | 6 | 9 | 2 | 6 | 9 | - | - | - |
| р.о. | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| вк. | 39 | 39 | 46 | 38 | 39 | 46 | 1 | - | - |

**Индиктор за квалитет 2.3**

**Повторување на учениците**

Во изминатите учебни години не е забележана ваква појава т.е повторување на ученици бидејќиво текот на цела учебна година постојано се следат учениците и нивниот успех, навремено се превземаат активности за оние ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини и подобрување на успехот.

**Учениците што не ја завршуваат учебната година**

Во последниве учебни години е воочливо дека од сите ученици кои се запишале во почетокот на учебната година, најголем број завршиле.

- Во учебната **2022/2023** година 1 ученик не го заврши образованието поради недоаѓање во училиште.

- Во учебната **2023/2024** година сите ученици кои што се запишаа го завршија образованието.

- Во учебната **2024/2025** година сите ученици кои што се запишаа го завршија образованието.

Државниот училишен центар е единствено училиште за оваа категорија ученици и затоа отпишувањето т.е. бројот на учениците кои не го завршуваат своето школување е сведено на минимум. Во случаи кога ученикот го напушта образовниот процес во нашиот Центар причините се најчесто нивно долготрајно или привремено напуштање на местото на живеење поточно престој во друга држава.

## *РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ*

**Јаки страни:**

-Континуирано се следат успехот и постигањата на учениците.

-Мал е бројот на ученици кои не го завршуваат задолжителното средно образование.

-Се води редовна педагошка евиденција и документација и континуирана соработка со родителите на учениците.

- Учениците од текстилната струка четиригодишно образование покажуваат поголема присутност во следењето на наставата и покажуваат подобар успех.

- Корелацијата помеѓу успехот на учениците и нивното отсуство од настава ја одразува реалната слика на успехот на учениците со нивната присутност и активност во наставата.

**Слаби страни:**

- Бројот на ученици кои се запишуваат во училиштето од година во година покажува тенденција на опаѓање на бројот на запишани ученици.

- Учениците од машинската струка покажуваат послаб успех во учењето.

-Добиените оцени кај учениците со комбинирани пречки не секогаш ја одразуваат работата и знаењето на учениците

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

### 3.1.1. Поддршка и следење на наставниците

Наставниците од предметна настава имаат поддршка од страна на директорот на училиштето. Таа помош се состои од: советувања, потребна литература, наставни планови и програми, насоки, упатства и сознанија кои ги добиваат од БРО, известувања, соопштенија од МОН.

Следењето исто така е навремено и континуирано во текот на учебната година.

Во нашето училиште тим за следење и прегледување на планирањата на наставата е назначен педагогот и директорот. Во училиштето имаме договорен рок за предавање на планирањата на наставниците и тоа до 15 септември во тековната учебната година.

### 3.1.2. Индивидуални планирања на наставниците

Планирањата на наставниците се изготвуваат во електронска форма. Ова планирање се однесува на целата наставна програма од наставниот предмет по теми, со временска рамка за обработка на темите во текот на наставната година за остварување на планираните цели. Со планирањето наставникот го определува бројот на часовите потребите за целокупниот наставен процес во рамките на секоја тема- подрачје и корелација со другите наставни предмети.

Сите наставници од нашето училиште имаат подготвени годишни, тематски/тематско процесни планирања и подготовки за наставен час, истите се изработени и предадени во електронска форма и печатена форма и ги содржат сите непоходни елементи за успешна реализација и организација на часот. Истите тие планирања на наставниците имаат јасни насоки, што се очекува учениците да научат, како и кога (очекувани исходи од учењето). Целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а наставниците ги користат тие информации од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги корегираат своите следни планирања со што ги планираат и следните чекори, активности, методи и техники во учењето на учениците.

Покрај активностите на часот се задаваат и домашни задачи за да се искористи ефективно времето на наставниците и учениците.

Наставниците своите индивидуални планирања ги изготвуваат редовно и уредно.

Сите предметни наставници имаат тематски процесни планирања кои ги изготвуваат врз основа на глобалното / долгорочното планирање, кое темелно го подготвуваат согласно динамиката за обработка на темите предвидени со глобалното/долгорочното планирање.

Притоа најмалку една седмица пред да започне реализацијата на новата наставна тема, наставникот треба да има изготвено тематско-процесно /среднорочно планирање за темата што следи за обработка. На тој начин наставникот има повеќе можности поефикасно да го осмислува поврзувањето на наставните цели, содржините, методите и активностите, како и начинот на следење, утврдување, проверување и оценување на постигањата на учениците, бидејќи сите овие елементи се неразделена целина на наставниот процес.

Во тематското процесно/среднорочното планирање наставникот за секоја тема од наставната програма ги определува наставните содржини/единици и редослед на нивната обработка, времето на реализација. Едновремено, ги планира формите и методите на работа, активностите на учениците по наставни единици, како и изборот на задачите, вежбите, прашања и начинот за утврдување и проверување на постигањата на учениците. Во тематските планирања се планираат и часови со примена на ИКТ како и часови со еколошки содржини.

Наставниците редовно подготвуваат дневни планирања. Дневните подготовки се подготвуваат за подетална разработка на работата и елементите на часот. Се поголем број наставници дневните подготовки ги изготвуваат во електронска форма а и во писмена форма.

Во училиштето има тим за поддршка и следење на планирањето на наставата и најмалку два пати во едно полугодие се следата планирањата на наставниците од директорот и назначениот тим.

3.1.3. Размена на искуства при планирањето

При планирањето наставниците имаат меѓусебна соработка и вршат размена на искуства. За тоа зборува примерот од одржаните нагледни часови со примена на стратегии и современи методи кои се презентираа на стручните активи и индивидуалните средби помегу наставници на кои се врши размена на искуствата при планирањето.

Наставниците исто така планираат во рамките на активите кои во нашето училиште ги има по општообразовни предмети и стручен актив. На овие состаноци се разменуваат искуства, идеи за планирање на примена на ИКТ во наставата и еколошки содржини.

3.1.4. Распоред на часови

Распоредот на часови се изработува од страна на наставник избран на Наставнички совет, именувано од страна на директорот. Се изготвува пред се во интерес на учениците и според деновите кога наставниците од другите училишта дополнуваат во нашето училиште.

При изработка на распоредот треба да се има во предвид наставниот план, како и условите на секое училиште и секој клас во училиштето. Основа за изработка на распоредот е наставниот план. Во распоредот се застапени сите предмети кои се предвидени во наставниот план со пропишан број на часови. Часовите по предмети треба да бидат распоредени по денови. Се настојува во секој ден да има ист број часови ако тоа е можно. Поради тоа што има наставници кои доаѓаат од други училишта тешко може да се усогласи распоредот во целост. Од објективни причини кажанато не може да се спроведе целосно.

Но, пред се, се води грижа да бидат задоволени потребите на учениците. Се се сведува на тоа да биде распоредот по тежински нивоа да не им биде заморно и напорно на учениците при следење на наставата. Во распоредот покрај задолжителните предмети, изборните предмети истотака се внесуваат и дополнителната и додатната настава.

3.2. Наставен процес

3.2.1. Наставни форми и методи

Сите наставници во согласност со потребите на наставата применуваат современи форми, методи техники, а најголем дел од наставниците редовно користат разновидни форми, методи и техники на работа. При воведувањето на овие техники учениците имаат можност да работат индивидуално, во парови или групи. Наставниците ги планираат своите методи при што посебно внимание посветуваат на потребите и стилот на учење на учениците како и застапеноста на задачи за критичко размислување, анализа и решавање на проблеми во текот на часот како на пр. анализа на проблеми, ликови, примена на наученото, споредбени активности со што се подобрува нивната креативност, комуникација, иновација и меѓусебна соработка. Со цел поуспешно да се развиваат ваквите способности кај учениците по сите предмети, наставниците при изборот на методите и техниките наставниците водат сметка за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми.

3.2.2. Употреба на ИКТ во наставата

Во нашето училиште се поставени функционално мрежно поврзани компјутери во училници. Сите наставници посетуваа обука за ИКТ и покажуваат интерес за примена на

ИКТ на своите часови. За успешно следење на часовите со примена на ИКТ се применува ПЕП процедурата за употреба на ИКТ во училиштата. Најголем дел од наставниците користат интеграција на ИКТ и сметаат дека учениците полесно учат и повеќето со задоволство го прифаќаат ваквиот начин на изведување на наставниот процес.

### 3.2.3. Избор на задачи, активности и ресурси

При изборот на задачите што се работат на часовите или дома наставниците внимаваат на стилот на учење на учениците , нивните индивидуални потреби , напредок и темпо на учење со што се поттикнуваат на самостојно истражување , размислување и креативност.При изборот на задачите се води сметка задачите да се добро испланирани и поврзани со работата на часот. Изборот на задачите и активностите се со различно ниво на сложеност, што значи дека се приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, со цел да се постигнат предвидените цели на наставата. Наставниците користат и предлагаат различна литература која ќе го надополни и олесни процесот на совладување на наставните содржини (енциклопедии, научно-популарни списанија и сл) како и линкови со проверени и одобрени содржини. Ваквите задачи и активности го надополнуваат процесот на учење и постигнуваат позитивен ефект во мотивацијата за учење посебно после самостојно добиените резултати. Во текот на изминатите две години, набавени се мал број нагледни наставни средства, кои како потребни ресурси го подобрија квалитетот на наставата. Идентификувана е дополнителна потреба од одредени нагледни средства и помагала, и потрошни материјали .Наставниците работаат индивидуално со секој ученик,во мали групи. Паралелно со наставните форми се применуваат и разновидни методи и техники на работа: разговор, демонстрација, самостојна работа, практична работа, набљудување, истражување, игри, симулација и други активни современи методи на работа.

### 3.2.4. Интеракција меѓу наставниците и учениците

Во наставниот процес , наставниците редовно ги запознаваат учениците со целите и очекуваните исходи на наставата и истите сметаат дека наставните содржини се соодветни на возраста на учениците. При изведувањето на наставниот процес наставниците избираат различни методи и активности со цел да поттикнат различни начини на учење, активно учество во совладувањето на наставните содржини и тоа преку дискусија, дебата, самостоен избор на теми, методи и техники, истражување, набљудување и самостојна работа во текот на часот. На овој начин се создаваат услови за активна, динамична и работна атмосфера. Ваквите услови на работа се следат и на интерните посети на часовите од страна на директорот и педагогот. Следењето го вршат по претходна најава на предметниот наставник. Се следи наставниот час и директорот пополнува формулар /инструмент за планирање и набљудување на наставен час при што посебно се посветува

внимание на интеракцијата меѓу наставниците и учениците. По посетата на часовите директорот одредува време за консултации со предметниот наставник.

Наставниците исто така посветуваат и големо внимание на градење на меѓусебна доверба и интеракција со учениците преку активности како самооценување, разговор, толеранција, заедничка изработка на бодовни и чек листи транспарентност при формирање на оценката која е резултат на различните активности и степенот на совладани содржини.

Сите ученици активно се вклучуваат во наставата, секој според своите можности и нивниот придонес се цени преку позитивните приоди на наставниците со цел да ги мотивираат учениците преку пофалби. При што учениците се охрабруваат да се јавуваат и да одговараат, а наставниците се трудат сите ученици подеднакво активно да ги вклучат во наставата, да ги поттикнат на размислување. Сето ова придонесува учењето во училницата да е динамично и има работна атмосфера.

3.2.5. Приодот на наставникот кон учениците

Целокупната активност на наставниците во наставниот процес промовира позитивна интеракција преку заемно почитување, соработка, разбирање и помош. При наставниот процес наставниците воопшто не ја нагласуваат или истакнуваат етничката и религиозната припадност ниту пак нивното социјално потекло. Проблемите или разидувањата кои се појавуваат помеѓу учениците на теми поврзани со различното потекло на учениците или половите разлики , наставниците најчесто ги дискутираат и решаваат на часовите наменети за работа на класната заедница преку соодветни работилници застапени како содржини од Животни вештини. Наставниците при наставниот процес и комуникацијата со учениците не користат етнички, религиски и полови стереотипи и истите ги отклонуваат доколку се појават меѓу самите ученици.Истотака се води сметка и за тоа дека учениците имаат различни способности и стекнуваат различни вештини при што се користат и различни приоди кон секој ученик. Ова е можно затоа што сите паралелки во нашето училиште се со помал број на ученици.

3.2.6. Следење на наставниот процес

Директорот и стручната служба (педагогот) редовно го следат наставниот процес во училиштето. Наставниците се следат најмалку два пати во едно полугодие. За следење на наставниот час има формулар за набљудување на наставен час. Наставниците се подеднакво застапени при посетата на часовите. Пред и после следењето на нагледните часови , Директорот има состанок со соодветниот наставник при што се пополнуваат формулар за следење и набљудување на наставниот час , Директорот и стручната служба е задоволна од работата на наставниците, смета дека годишните и тематски/тематско процесните планирања навремено се доставуваат, издржани се и развојни и изработени според најнови критериуми при што воведуваат нови форми и технологии како и примена на ИКТ. И наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

## 3.3. Искуства на учениците од учењето

### 3.3.1. Средина за учење

Учениците пријатно се чуствуваат во училиштето што е утврдено според резултатите од извршениот разговор за истражување на задоволството на учениците од средината за учење. Кабинетите и другите простории во училиштето, ги мотивираат и стимулираат и поттикнуваат да добијат интерес за учење и напредување. Трудовите на учениците се изложени на училишните катчиња по предмети без разлика дали трудовите се на машки, женски ученици или ученици од различна етничка припадност. Се изложуваат сите трудови, со што се јакне самодовербата и мотивираноста кај учениците. Трудовите редовно се менуваат согласно со потребите и целите на наставата и учењето. Особено се внимава секој ученик да има изложено свој труд.

### 3.3.2. Атмосфера за учење

Атмосферата за учење на учениците е пријатна за сите ученици. Начинот на кој се учи во училиштето е интересен за учениците. Сето она што го учат на часовите еповрзано со нивниот секојдневен живот и се што ќе научат ќе знаат да го применат и да го искористат во реалниот живот. Секој наставник за време на своитечасови наоѓа начини, методи и техники да ги охрабри своите ученици самостојно икритички да мислат и за време на часот да знаат да поставуваат прашања и самостојнода изведуваат заклучоци од она што го учат. Слабите страни на учениците наставниците им ги кажуваат на индивидуални средби со нивите родители при што секој наставник има определено ден за индивидуални средби со родители и дополнителна настава со учениците.

Наставникот ги критикува постапките и ги советува, а не ја критикува личноста на ученикот. Учениците имаат целосна поддршка од наставниците бидејќи тие кај нив ги поттикнуваат и индивидуалните интереси, афинитети и способности кај учениците. Наставниците ги мотивираат сите ученици да учествуваат во активностите за време на часот.

### 3.3.3. Поттикнување на учениците за превземање одговорност

Учениците ја имаат таа можност во текот на часовите слободно да го искажат своетомислење. Се она што ќе биде кажано од страна на учениците сериозно е земено во предвид од страна на наставникот при решавање на проблемите и донесување на одлуките. Учениците се подговени да превземат одговорности што се поврзани со училишните активности , како одговорност за хигиената; чување на компјутерите; вклучување на сите ученици при донесувањето на кодексот во училницата и училиштето; Но, исто така тие превземаат одговорности за решавање на проблеми надвор од наставата.

А, сето тоа е поттикнато од страна на наставникот. Со тоа се постигнуваат меѓупредметните цели воспоставени во сите наставни предмети.

3.3.4. Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето

Интеракцијата на учениците меѓу себе и возрасните во училиштето е на високо ниво. Низ најразлични организирани форми, учениците се поттикнуваат и мотивираат за соработка и комуникација меѓу себе и возрасните во училиштето.

Учениците заедно со наставниците работат на најразлични проекти поврзани со наставата и надвор од наставата, со меѓусебна помош и соработка . Работата во групи им помага во нивната социјализација, откривање на меѓусебните сличности и разлики, а тоа придонесува за прифаќање на различностите во групата, паралелката и училиштето.

3.4. Задоволување на потребите на учениците

3.4.1. Идентификување на образовните потреби на учениците

Наставата е основна форма на воспитно образовна дејност во училиштето. Таа ги опфаќа:

а. настава по задолжителните предмети;

б. настава по изборни предмети;

Образовните потреби на учениците се идентификуваат преку степенот на усвоеност на наставните содржини (тестови на знаење, писмени работи, контролни задачи, есеи и др.), во зависност од индивидуалните потреби на учениците, особено кај учениците кои покажуваат послаби резултати при учењето.

Наставниците имаат можност од наставната содржина да го одредат она што е најнеопходно ученикот да го научи, што да учат учениците со пониски можности, а што учениците кои имаат повисоки способности.

Освен редовните наставни часови, наставниците одржуваат дополнителна настава додатна настава и слободни ученички активности. Дополнителна настава е за учениците кои заостануваат во усвојувањето на знаењето.

Наставниците вршат дијагностицирање на образовните потреби кај учениците но им е потребна стучна поддршка од стручните работници. Наставниците секогаш ја имаат поддршката на раководниот тим во примената на што поразновидни форми и методи на работа кои придонесуваат за што поуспешно задоволување на различните образовни потреби на учениците.

Од извршените анализи констатирана е примената на сите форми на работа и различен пристап со најсоодветно избрани средства и помагала. Процесот на учењето и наставата

би се одвивал многу подобро доколку во училиштето има добра техничка опрема, соодветни наставни помагала и доволно современа стручна литература која би им била главен двигател на наставниците за воведување на поголеми иновации во процесот на наставата.

Наставничкиот кадар и стручната служба знаат  да ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Доколку се јават пречки во процесот на учење кај некои ученици, наставничкиот кадар и стручната служба превземаат активности за нивно отстранување.

Секој наставник доколку во класот има ученик со пречки во процесот на учење вложува дополнителен труд и напор при што ученикот ќе ги надмине потешкотиите во совладувањето на наставниот материјал преку индивидуална работа и дополнителна настава. Исто така доколку во класот има надарени и талентирани ученици наставникот преку индивидуална работа и додатна настава ги проширува и продлабочува стекнатите знаења.

3.4.2. Почитување на различните потреби на учениците во наставата

Секој ученик има различни потреби за учење во наставата. Најголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со што им овозможуваат на учениците во согласност со нивните различни стилови на учење да можат на најлесен начин да го совладаат наставниот материјал. При оценувањето наставниците користат најразлични техники со што ги мотивираат учениците да учат и на тој начин да го постигнат својот максимум. За да се земат во предвид разликите и да се посвети внимание на задоволувањето на различните потреби на учениците во наставата.

3.5. Оценување како дел од наставата

3.5.1. Училишна политика за оценување

Училиштето континуирано работи на подобрување на системот за оценување , со цел да се подобри поучувањето и учењето и придонесува за оптимален индивидуален напредок на секој ученик. Следењето и оценувањето на учениците се планира во развојниот план на училиштето и секоја година во рамките на годишниот план за работа се определуваат цели кои се поврзани со следењето и оценувањето. Следењето и оценувањето се планира во глобалниот годишен план, тематското-процесно планирање и оперативниот план за наставен час каде вклучени се целите, принципите, задачите, содржината, формите и методите, оценувањето и ресурсите поврзани со учењето по сите наставни предмети. Сите наставници ја реализираа добиената задача да ги наведат очекуваните исходи во своите тематско-процесни планирања, што придонесе за подобрување на оценувањето на учениците. Унапредувањето на квалитетот на оценувањето е секојдневна наставна практика во нашето училиште, за што училиштето има усвоено училишна политика за оценување.

Училиштето има усогласени критериуми за оценување по секој наставен предмет, кои се изработени според стандарди на БРО. За нив, учениците и родителите се навремено запознати на почетокот на учебната година. Во целост се почитува законската одредба за информирање на родителите за оценките на учениците во сите периоди на оценување. Мерките што се превземаат во последните неколку години а се поврзани со подобрување на компетенциите на наставниците за следење и оценување на учениците, даваат позитивни резултати кои можат да се согледаат и преку податокот дека последните години не е доставен ниту еден приговор за оценка од страна на родител.

3.5.2. Методи и форми на оценување

Во училиштето голем дел од наставниците користат најразлични методи и инструменти за формативно (самооценување, оценување од соученици, усна повратна информација, писмена повратна информација, сложеност на прашања, есејско прашање, дебата ) и сумативно оценување, изготвување на тестови и други инструменти за оценување за да се подобри учењето и успехот на учениците. Секој ученик се следи поединечно по секој наставен предмет преку ученичко портфолио, каде се следи неговиот личен напредок и се собираат ученичките трудови. Учениците директно се вклучени во процесот на оценување преку самооценување и оценување од соученици, како и при средување и преглед на своите портфолија. Формативно оценување е застапено со самото тоа што им се дава можност на учениците сами да ги оценат своите трудови и трудовите на нивните соученици според предвремено утврдени критериуми и на тој начин учествуваат во следење на напредокот и можат сами да увидат дека успехот ќе се подобри ако ги следат насоките од наставниците.

Оценувањето на учениците е важен дел од наставниот процес и се спроведува според пропишаните законски прописи, според стандардите на оценување и критериумите за оценување.

- со анализа на воспитно-образовниот процес се воведува училишно планирање за оценување на постигањата на учениците кое е континуирано од првото тромесечие до крајот на учебната година при што се вклучени сите наставници, при што истото е планирано во Годишната програма за работа на училиштето. Наставниците го планираат оценувањето согласно со целите на наставата. Наставниците го планираат формативното оценување при што се зема предвид претходните знаења и способности како и посебните потреби на одделни ученици. Истовремено се планира користење на методи и инструменти за следење , проверување и оценување на учењето и постигањата . Наставниците планираат кога и како ќе ги информира учениците и родителите за учењето и постигањата на учениците.

Унапредувањето на оценувањето исто така се следи преку одржувањето на состаноци на Советот на предметните наставници, активи, состаноци со родителите.

Формативното оценување се реализира преку користење на различни методи и тоа:

- метод на дискусија – поставување на прашања и одговори со што наставникот добива повратна информација;
- метод на „бура на идеи” при што на учениците им се дава подршка во проучувањето на идеите се поттикнува сопственото размислување а тоа од своја страна може да даде корисни информации за оценувањето;
- метод на сопствено креативно изразување и изнесување на на сопствените мислења и ставови преку усни презентации и писмени извештаи и есеи;
- метод на самооценување со кој учениците го вреднуваат сопствениот процес на учење ;
- метод на заемно оценување на соучениците од страна на другите ученици со цел да се подобри разбирањето на целите кои треба да се постигнат;
- портфолија со трудови на учениците од двата типа – за напредок и учење и портфолија со најдобри трудови;
- примена на писмена и усна повратна информација ;

Консултации редовно се одржуваат на ниво на стручни активи.

Со примена на сите горенаведени активности постигнавме резултати кои секако придонесуваат за подобрување на наставата, учењето и оценувањето при што се постигнати следните ефекти:

- логично и добро поставени прашања и добро одговарње на истите согласно со поставените цели;
- логичен развој на мислата и прилагодување на информациите и кон другите учесници и слушатели на часот;
- поттикнување на мисловните процеси кај учениците кои покажуваат колку ја познаваат и разбираат соодветната тема;
- развивање на идеи и барање врска меѓу идеите ;

со писмените и усните презентации и есеи се зголемуваат и се подобруваат индивидуалните креативни , творечки способности на учениците

- ученикот со самооценувањето и заемното оценување увидува како се учи и колкава ефикасност постигнува на таков начин, се оспособува да биде самокритичен во учењето и оценувањето, да направи проценка на сопствената работа и да учи преку грешките пред да биде оценет од страна на наставникот со што дел од одговорноста за одлучување во процесот на учење се префрлува од наставникот на ученикот;

- во портфолијата се документраат трудовите на учениците при што се вреднува нивниот напредок и помагаат при известуањето на родителите за развојот, учењето и постигањата на своето дете.

Писмената и усна повратна информација ги поттикнува учениците да се залагаат за подобрување и му укажува што и како да се подобрат при што им овозможува и сами да се оценуваат и да го следат својот напредок.

Сумативното оценување се однесува на сумирање на успехот на ученикот во одреден временски период како што се тестовите на крајот од темата, полугодието или годината, портфолија, стандардизирани тестови, тестови изработени од страна на наставниците и сл.

Оценувањето се врши писмено и усно.Усното оценување е секојдневно. Пред се се оценува квалитетот на знаења и активноста на ученикот.

Писменото оценување се одвива преку контролни работи, тестови на знаења и писмени работи.

Најчесто во оценувањето се применуваат реални критериуми.

Следењето и проверувањето на учениците на напредокот и постигањата на успехот на учениците се врши со интерно проверување. Интерното проверување на постигањата на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето

Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот од годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.

3.5.3. Користење на информациите од оценувањето во наставата

Најголем дел од наставниците секојдневно на редовните часови дискутираат за напредокот на учениците. Од техниките за оценување наставниците користат Самооценување Оценување од соученици Сложеност на прашања Есејско прашање Изведбена активност Дебата. Преку формативното оценување се обезбедуваат информации за учениците и за наставниците кои се користат за подобрување на наставата и учењето. Учениците тековно добиваат информации за нивниот напредок, а собирањето

на информациите од оценувањето се користи за да се идентификува и поттикнува поучувањето и учењето, како и утврдување на потребните методи и форми на поучување.

Директорот врши увид во реализацијата на наставата и примената на формите, методите и инструментите за оценување како и во реализацијата на наставните планови и програми во текот на учебната година. Резултатите од оценувањето се користат како информации, врз основа на кои можат да се предложат и направат измени на наставните планови и програми кои одговараат на потребите на учениците за поголем напредок.

3.6. Известување за напредокот на учениците

3.6.1. Известување на родителите за напредокот на учениците

Нашето училиште комуницира со родителите и ги информира за напредокот на учениците. Секој наставник води ученичко портфолио каде се собрани повеќето трудови, наставни ливчиња, контролни тестови итн. кои родителите можат да ги разгледаат во секое време.

Родителите се поканувaат на групни родителски средби кои имаат свој дневен ред на случувања и истиот се запишува во дневниците. Истите се одржуваат после секој период на оценување: прво тримесечие, крај на прво полугодие,трето тримесечие со доделување на Евидентни листи за успехот на учениците и на крајот на учебната година после одржувањето на Наставнички совет каде се утврдува крајниот успех на учениците, со што на родителите им се дава можност 3 дена од известувањето да поднесат приговор при незадоволство од изведената оценка по одреден наставен предмет. Исто така по потреба и желба на родителите се одржуваат и индивидуални средби во училиштето, каде се разговара за успехот и личниот развој на ученикот. Од родителите секогаш се бара повратна информација после средбата, односно веднаш се договара следна средба во скоро време за да се увиди напредокот или ако има потешкотии да се работи интензивно на нивно разрешување. Во нашето училиште секоја паралелка има усвоен кодекс на однесување во училницата, а изработен е и Кодекс за однесување во училиштето и неговите простории за наставници и ученици.

3.2 Наставен процес

Теми:

- Наставни форми и методи
- Употреба на ИКТ во наставата
- Избор на задачи, активности и ресурси
- Интеракција меѓу наставниците и учениците

- Приодот на наставникот кон учениците
- Следење на наставниот процес

Добри страни

- Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи (вклучувајќи и употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата), што соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за да работат со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка. Наставниците успешно ги развиваат индивидуалните способности за учење на секој ученик, како и компетенцијата за претприемништво и вештините за соработка, комуникација, критичко мислење, решавање проблеми, креативност и иновација.

- Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и дополнителна прирачна литература. На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо.

- Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Наставата се реализира со различни интерактивни методи што подразбира активно вклучување на учениците во процесот на наставата, при што се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. Наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците (преку пофалби кога е тоа соодветно). Учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера.

- Сите наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање. Притоа, не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло, етничката и религиската припадност. Наставниците не користат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците.

- Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку двапати во полугодие од директорот и од стручната служба. Постои практика на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

Слаби страни

-  Мал број од наставниците не користат разновидни наставни форми и методи (вклучувајќи ја и употребата на ИКТ и новите образовни технологии во наставата) и наставните форми и методи не секогаш соодветствуваат на потребите на учениците и не ги опфаќаат сите стилови на учење. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група или со целата паралелка, но методите што ги користат не се секогаш соодветно избрани. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици што не придонесува за развивање на индивидуалните способности за учење на секој ученик.

3.3 Искуства на учениците од учењето

Теми:

-  Средина за учење
-  Атмосфера за учење
-  Поттикнување на учениците за преземање одговорност

- Поттикнување на учениците за преземање одговорност во раеализацијата на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди

-  Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето

Добри страни

-  Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето), почитувајќи естетски норми и истите редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд.

-  Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и применливо и корисно во реалниот живот. За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголем дел од наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни. Сите ученици учествуваат во активностите за време на часот.

-  Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето. Учениците преземаат различни одговорности во училиштето (во и надвор од наставата).

- Учениците сметаат дека училиштето, низ организирани форми, поттикнува и мотивира комуникација и соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина.

Слаби страни

- Учениците сметаат дека во училиштето има малку училници и други простории што поттикнуваат интерес за учење. Трудовите на учениците се изложуваат, но без да се внимава на видливоста и пристапноста на местото каде што се изложени, на целта на изложувањето и на естетиката.

- Учениците сметаат дека само понекогаш се учи на интересен начин и дека она што се учи не секогаш е поврзано со секојдневието и применливо и корисно во реалниот живот.

3.4 Задоволување на потребите на учениците

Теми:

- Идентификување на образовните потреби на учениците

- Почитување на различните потреби на учениците во наставата

- Обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење

Добри страни

- Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

- Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Слаби страни

- Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на секој ученик, но не ги идентификуваат систематски. Се преземаат мал број активности за исполнување на потребите и/или отстранување на пречките.

- Мал број наставници користат различни интерактивни техники на поучување и оценување.

3.5 Оценувањето како дел од наставата

Теми:

- Училишна политика за оценување
- Методи и форми на оценување
- Користење на информациите од оценувањето во наставата

Добри страни

- Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознати.

- Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.

- Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата. Голем акцент се става на вреднувањето на тековните постигања на учениците и на идентификувањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.

Слаби страни

- Наставниците понекогаш со учениците ги дискутираат нивниот напредок и постигањата и не им даваат редовно повратна информација. Повратната информација најчесто не содржи детали за постигањата и за следните активности што треба да се преземат. Наставниците недоволно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

3.6 Известување за напредокот на учениците

Теми:

- Известување на родителите за напредокот на учениците

Добри страни

- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за

подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите, кои се добро организирани. Родителите добиваат и пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно со гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.

Слаби страни

- Родителите се информирани како да комуницираат со училиштето во однос на напредокот на нивните деца. Постојат можности родителите да се среќаваат со наставниците, но тие средби не се чести и информациите не се конкретни и не го насочуваат родителот како да му помогне на детето.

**Графичко прикажување на сумираните резултати од анкетите на подрачјето-** анкетниот прашалник го пополнија 15 родители, 14 наставници и 20 ученици




НАСТАВНИЦИТЕ ГИ ПОТТИКНУВААТ УЧЕНИЦИТЕ ДА УЧЕСТУВААТ ВО ПРОЕКТИ, РАБОТИЛНИЦИ И НАТПРЕВАРИ
Ученици
Родители
Наставници
80
70
90
10
20
10
10
10
10
СЕ СОГЛАСУВАМ
ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ
НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ


НАСТАВНИЦИТЕ ПЛАНИРААТ И СМИСЛУВААТ ВЕЖБИ, НАГЛЕДНИ СРЕСТВА И РАЗЛИЧНИ МЕТОДИ НА РАБОТА
Ученици
Родители
Наставници
60
50
70
30
30
20
10
20
10
СЕ СОГЛАСУВАМ
ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ
НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ


НАСТАВНИЦИТЕ КОРИСТАТ ИКТ ВО НАСТАВАТА
Ученици
Родители
Наставници
65
60
90
15
20
10
20
20
0
СЕ СОГЛАСУВАМ
ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ
НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ


НАСТАВНИЦИТЕ СО УЧЕНИЦИТЕ СЕ ОДНЕСУВААТ НА НАЧИН ШТО ПРОМОВИРА ПОЧИТУВАЊЕ, ПОМОШ, СОРАБОТКА, РАЗБИРАЊЕ, ТОЛЕРАНЦИЈА
Ученици
Родители
Наставници
85
80
100
5
10
0
10
10
0
СЕ СОГЛАСУВАМ
ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ
НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ


НАСТАВНИКОТ ГИ ПОТТИКНУВА УЧЕНИЦИТЕ СЛОБОДНО ДА СЕ ИЗРАЗУВААТ И ГИ ПОЧИТУВА НИВНИТЕ МИСЛЕЊА И ИДЕИ
Ученици
Родители
Наставници
65
75
90
15
15
5
20
10
5
СЕ СОГЛАСУВАМ
ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ
НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ


ПРИ ОЦЕНУВАЊЕТО НАСТАВНИЦИТЕ ГО ПОЧИТУВААТ МИСЛЕЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ
Ученици
Родители
Наставници
55
60
80
30
30
10
30
10
10
СЕ СОГЛАСУВАМ
ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ
НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ







***РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО УЧЕЊЕ И НАСТАВА***

Анализата на подрачјето „Учење и настава“ покажува дека наставниот процес во училиштето е добро организиран и систематски планиран. Наставниците имаат континуирана поддршка и следење од страна на директорот и стручниот тим, при што планирањето на наставата се врши во електронска и печатена форма, со јасно определени цели, очекувани исходи и методи за оценување. Постои редовна размена на искуства меѓу наставниците, а тематските и дневните подготовки се изработуваат навремено и се усогласени со глобалното планирање. Распоредот на часовите е прилагоден на потребите на учениците, со обид да се намали нивното оптоварување, а наставните форми и методи се разновидни и вклучуваат употреба на ИКТ, активни и интерактивни методи, при што се

развиваат критичкото мислење, креативноста и соработката кај учениците. Наставниците внимателно ги следат индивидуалните потреби на учениците, обезбедуваат поддршка и мотивација, и стимулираат преземање одговорност и самостојно учење. Наставата се одвива во пријатна и поддржувачка атмосфера, а учениците активно учествуваат во наставниот процес и соработката со врсниците и наставниците. Процесот на оценување е интегрален дел од наставата, користејќи формативни и сумативни методи, со редовно информирање на учениците и родителите за напредокот и резултатите, а резултатите од оценувањето се користат за подобрување на наставата и учењето. Иако поголемиот дел од наставниците користат современи наставни форми и индивидуализирани приоди, мал број наставници сѐ уште не применуваат целосно разновидни методи и прилагодувања на различните стилови на учење. Училиштето обезбедува ефективна, мотивирачка и динамична средина за учење со јасна структура, поддршка и континуирано унапредување на наставниот процес.

**Клучни јаки страни:**

- Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи (вклучувајќи и употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата), што соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење.
- Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите
- Наставата се реализира со различни интерактивни методи што подразбира активно вклучување на учениците во процесот на наставата, при што се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците
- Сите наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање
- Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува
- Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневиeто и применливо и корисно во реалниот живот
- Учениците имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето

- Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува

**Слаби страни:**

- Мал број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи (вклучувајќи ја и употребата на ИКТ и новите образовни технологии во наставата) и наставните форми и методи  не секогаш соодветствуваат на потребите на учениците и не ги опфаќаат сите стилови на учење
- Учениците сметаат дека само понекогаш се учи на интересен начин и дека она што се учи не секогаш е поврзано со секојдневието и применливо и корисно во реалниот живот.
- Мал број наставници користат различни интерактивни техники на поучување и оценување
- Нередовни средби на наставниците и родителите, информациите кои ги добиваат родителите не се конкретни и не го насочуваат родителот како да му помогне на детето

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите

4.1.Севкупна грижа за учениците

4.2.Здравјето и постконфликтни трауми

4.3.Советодавна помош на учениците

4.4.Следење на напредокот

4.1.Севкупна грижа за учениците

4.1.1.Заштита од физички повреди и елементарни непогоди

Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата. Инфраструктурата во училиштето (мебел,скали,подови,прозорци,струјни места,двор),се исто така безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди за учениците.Центарот има донесено пропишани мерки и активности за безбедноста во текот на наставата во училишната зграда,во текот на престојот на ученичкиот дом и во училишниот двор.

Сите места кои претставуваат потенцијална опасност (шахти,штекери,и друго) се во потполност заштитени и не претставуваат опасност за учениците.

Хидрантните бази кои се распоредени во училишната зграда и во учениичкиот дом се обележани , редовно се сервисираат и се врши целосна контрола и проверка на ПП (противпожарните) апарати.Изготвен е правилник за постапување во случај на пожар и други елементарни непогоди, а сите шеми за правилна евакуација се уредно поставени на местата каде што се видни и во училиштето и во ученичкиот дом.Во училиштето се обележани патокази кон излезите кои се на видно место и кои даваат вистински насоки за излез од училиштето во случај на елементарни непогоди.

Секојдневните дежурства на наставниициte за време на големиот одмор како и активностите од страна на наставниот кадар за време на одморите помеѓу секој наставен час,уште повеќе ја зајакнуваат грижата за учениците.

Училиштетот има изготвено кодекс на однесување и за наставниците и за учениците и е договорено сите да се придржуваат кон тој кодекс на однесување.

Центарот располага со приручна аптека и со други средства за здравствена заштита на учениците.Прирачната аптека во одредени интервали од учебната година се обновува се со цел учениците да имаат навремена здравствена заштита.

4.1.2.Превенција од насилство

Училиштето спроведува беспрекорна превенција во случај на насилство.Се користат сите законски прописи за санкционирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко,физичко како и сексуално насилство.Во случај на појава на било кој вид насилство,училиштето превзема навремено и непристрасно мерки се со цел било кој вид на насилство да биде елиминиран.

Во училиштето како и во ученичкиот дом се забранети и најстрого се санкционираат сите видови на психичко и физичко насилство.

Училиштето има донесено Правилник на однесување на учениците во кој е наведено дека доколку кај учениците се забележат проблеми од било каков карактерво врска со училиштето, лични, проблеми од социјалниот живот можат да се обратат во педагошката(педагогот) како и во психолошката служба(психологот).За тоа дека можат за вави проблеми да се обратат во педагошката и во психолошката служба,учениците се информираат уште на почетокот на учебната година од страна на класниот раководител,на редовните класни часови кои се испланирани според распоредот и се реализираат во одредени денови.За истите овие работи се информираат и родителите на редовните родителски средби, а за истите информации се разговара и на состаноците на Советот на родителите, орган кој го сочинуваат претставници од страна на родителите на учениците кои посетуваат редовна настава во нашето училиште.

Стручната служба,наставниците и воспитувачите за време на попладневните занимања во согласност со годишната програма која се реализира од страна на Центарот, организираат работилници преку кои учениците се насочуваат се со цел да се запознаат  како и да ги препознаваат сите видови на недолично однесување, насилство како и тоа како да се заштитат од истите.Покрај ова се реализираат и предавања каде што преку превентивни мерки учениците се запознаваат за елиминирање на омразата како и на сите други типови на недолично однесување во училиштето и надвор од него.

Известувањето за било какво физичко или ментално злоупотребување се врши од страна на предметниот наставник кој ќе забележи такво нешто или доколку има сознанија од други ученици, за да потоа биде известен класниот раководител.

Доколку има појава на било какво недолично однесување, класниот раководиител во соработка со педагошката служба,одговорниот воспитувач како и психологот, создаваат тим и разговараат со недисциплинираниот ученик.За сето ова се известуваат и родителите на ученикот, а доколку има потреба ученикот може да биде упатен во некоја соодветна инситуција.Ваквиоит пристап ќе му помогне на ученикот да ги надмине последиците со кои се соочува.Учениците се запознаени со сите форми на недолично однесување и се подготвени да го пријават истото доколку забележат такво нешто. Најнапред го информираат класниот раководител, а информациите потоа се пренесуваат до педагогот,психологот како и до воспитувачот.

Учениците се чувствуваат безбедни и во училиштето додека се на настава, како и за време на нивниот престој во ученичкиот дом.

4.1.3.Заштита од пушење,алкохол и дрога

Училиштето спроведува политика како и разни мерки за заштита од пушење,консумирање на алкохол,како и на дистрибуција и консумирање наркотични супстанции.

Тоа подразбира дека во училиштето(училниците,канцелариите,тоалетите,училишните холови и ходници) не се пуши, не се консумира алкохол, и не се дистрибуираат наркотични средства.Во согласност со програмата за работа,стручната служба воспоставува соработка со институциии и преку предавања од страна на стручни лица се врши превенција од најголемите пороци на денешницата, пушењето,алкохолот и дрогата.Овие предавања се од голема корист за учениците и преку нив тие ги добиваат вистинските насоки и информации за своето однесување, а се запознаени и со сите мерки со кои ќе се избегнат овие пороци. Дополнителни иинформации за ова учениците покрај на класниот час,добиваат и на попладневните занимања и проектни активности.

4.1.4.Квалитет на достапна храна

Во Центарот има организирана достава на храна. Домот располага со кујна и менза.Кујната е опремена согласно HAACCP стандардите и се води голема грижа за хигиената.Редовно се врши (два пати во годината) согласно законската регулатива,дезинфекција,дезинсекција и дератизација.

Кујната ги запазува сите термини (претпладневен,попладневен,вечерен) за реализација на оброците на учениците.Вработените во кујната задолжително носат заштитна опрема, а на пултот со цел да се избегне директен контакт на учениците со вработениот персонал во кујната,поставени се пластични паравани.

Што се однесува до оброците истите се избалансирани се со цел учениците да имаат здрава исхрана.При тоа се внимава на соодносот на јаглехидратите и мастите.

Во изготвувањето на менито, учествуваат готвачите,воспитувачите,учениците а за сето тоа е запознаен и учествува и раководниот кадар на Центарот, се со цел да се најде најдоброто решение за здрава исхрана на учениците.

Во училиштетот како и на попладневните занимања во Домот се спроведува едукација со учениците каде што меѓу другото, тема на разговор е и исхраната и нејзината селекција.Посебен акцент се става на здравата исхрана.

4.1.5.Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот

Поддршката на учениците со телесни пречки во развојот се идентификува во изградбата на посебен пристап во училишната зграда, но не и воученичкиот дом.Овие ученици непречено можат да се движат во училишниот двор, а преку посебно изградената рампа на задниот влез од училиштето, како и на главниот влез на училишната зграда оваа категорија на ученици можат да престојуваат и на приземниот кат односно во училишниот хол и училниците кои се наоѓаат на приземниот кат.Прилагодени се и внатрешните скалила за оваа категорија на ученици, кои со модифицирано средство-гасеничар наменето токму за нив,можат да ги посетуваат и имаат пристап до сите кабинети во училишната зграда.

4.1.6.Грижа за ученици од социјално загрозени семејства

За оценување на социјалните потреби, Центарот користи непосредни разговори со учениците,родителите како и со службите за социјална работа, а сето тоа се прави во координација со педагошката служба.На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува внимателно, се со цел да не се повреди нивната личност.

Најголема поддршка овие ученици добиваат од разговорите со класниот раководител,потоа од одговорниот воспитувач,од педагогот,психологот и од директорот на училиштето.Тие во разговорите со нив им влеваат самодовреба и им даваат морална поддршка.Центарот за целосна интеграција на учениците од социјалнно загрозените семејства ,во наставните и вон наставните активности,  секогаш им даваат безрезервна поддршка на овие ученици.

Со одлуки кои се носат на Наставничкиот совет и на Училишниот одбор овие ученици се ослободуваат од пратиципација.Центарот обезбедува и донации се со цел да им излезе во пресрет на оваа категорија на ученици.Најчесто овие донации се во координација со локалната заедница.

4.2. Здравје

4.2.1.Хигиена и заштита од болести

Хигиената во Центарот  е на завидно ниво.Во сите простории во училиштето (училниците и канцелариите) се чистат и се проветруваа секојдневно, по завршувањето на часовите.Ходниците и скалите се метат и се поминуваат со водена крпа и дезинфекциони средства два до три пати во денот.Другите простории (наставничката

канцеларија,канцеларијата на директорот,педагогот и сите останати простории во училиштето и ученичкиот дом) се вршат редовно сите хигенски активности се со цел хигиената да биде на завидно ниво.

Спалните соби учениците сами ги одржуваа и се грижат за хигиената во истите, а средствата и материјалите за чистење ги задолжуваат од домаќинот на Центарот.Комплетно чистење на просториите (генерално чистење) како и на прозорците завесите и мебелот се прави по завршувањето на првото, оносно второто полугодие на тековната учебна година.

Дворот во Центарот е чист од секакви отпадоци. На неколку места во дворот се поставени дрвени корпи за отпад и истиот се отстранува два пати во текот на денот.Тревните површини како и сите останати растенија кои се во училишниот двор, како и околу училиштето и ученичкиот дом редовно се одржуваат од страна на чуварската служба, која покрај своите редовни активности е задолжена и за одржување на училишниот двор.Покрај во дворот, корпи за отпадоци има и во секоја училница како и во секоја просторија како во ходниците и во холот на училиштето.

Наставниот и воспитниот кадар на Центарот, делува максимално едукативно, со цел и со насоки, учениците отпадот да го фрлаат во корпите кои се предвидени за таа намена.

Центарот на почетокот на секоја учебна година реализира дезинфекција,дератизација и дезинсекција (ДДД) на сите простории во училиштето и во ученичкиот дом.

4.2.2.Грижа за учениците со здравствени проблеми

Центарот исто така обезбедува целосна здравствена заштита на учениците во текот на секоја учебна година

- Се спроведуваат редовни систематски прегледи,најчесто во училиштето каде доаѓаат мобилни здравствени екипи кои ги реализираат систематските прегледи на учениците.

-Центарот ги практикува и спроведува сите дадени насоки од страна на Министерството за обраование и наука, во делот на заштита од преносливи и заразни болести.

-Редовно се применуваат медикаментозни терапии кои им се препорачани на учениците со здравствени потешкотии.

-Соодветни здравствени установи (матични лекари и стоматолошки ординации) најчесто излегуваат во пресрет на Центарот околу давањето на медицинска помош.Поддршката во овие активности ја даваат наставниот кадар, воспитувачите,педагогот,психологот и здравствените установи.

Центарот има политика за правилно постапување при појава на заразна болест,епидемија или пандемија.Тие актовности се договараат во координација со Министерството за ообразование и наука која во соработка со Министрството за здравство, изготвуваат протокол за реализација на потребните мерки кои треба да се преземат.

При користење на машини и алати(машинска струка) и машини за шиење (текстилна струка),на часовите за практична настава се врши редовна проверка за нивната исправност. Правилно се користат надглдните средства и помагала,како и на користењето на заштитно хигиено-техничките средства. Користењето на сите овие средства бара одговорност и масимално ангажирање

4.3.Советодавна помош на учениците

4.3.1.Пружање помош при избор на занимањето/институцијата,за понатамошно образование,доусовршување или врботување

Целта на Центарот,училиштето е уште при опфатот и запишувањето на учениците ,преку разговор со нив и со нивните родители да им даде целосна претстава за потребата од образование и стручно оспособување, како и добивање на помош од страна на стручниот кадар во училиштето.

-Училиштето им помага преку отворени и искрени разговори за изборот на струки (машинска и текстилна)

-Се воспоставуваат контакти со одредени компании за подобро совладување на практичната настава, а наедно овој начин е еден вид можност за вработување на учениците.

-Центарот делува превентивно преку индивидуални разговори со цел учениците да заштитат од несакани дејства.

-Учениците кои интелектуално напредуваат во образовниот процес и изразуваат желба за продолжување на своето образование, имаат поддршка и стручна помош од нашето училиште за совладување на сите пречки за запишување во високото образование.Поддршка за активностите кои треба да се преземат за овие ученици за понатамошно образование, има и од предметните наставници, воспитувачите, педагогот,психологот како и од родителите.

4.3.2.Грижа за учениците со емоционални потешкотии

Преку работата на Советот на родители,родителските средби (во текот на учебната година се реализираат три до четири родителски средби) и на класните и на одделенските часови, родителите и учениците се запознаваат со стручната служба во училиштето и со видот на помошта која што можат да ја добијат. Станува збир за советодавна работа со учениците при изборот за учество во слободни активности,додатна и дополнителна настава како и факултативна настава.Потоа со советодавна работа за ученици кои покажуваат асоцијално однесување,нередовност или слаб успех,учество  со организација на активности во педагошкото образование на родителите преку реализација на стручни предавања.

Се спроведуваат активности и со учениците со евентуални емоционални потешкотии, кои се манифестираат преку намалувањето на успехот и поведението,проблеми со социјализацијата.Од класните раководители и воспитувачите информирана е стручната служба за овие ученици и со нив се работи најчесто индивидуално. По потреба се вклучуваат и родителите.

4.4.Следење на напредокот

4.4.1. Водење евиденција за индивидуалниот напредок на училиштето

Во училиштето учат ученици со оштетен слух (наглуви и глуви ученнци),како и ученици со комбинирани пречки во развојот и со друг вид на попречености (аутизам, даунов синдром, телесни пречки).Наставниот процес се реализира според планови и програми прилагодени според интелектуалните способности на учениците.Со учениците со комбинирани пречки во развојот се работи по принципот на индивидуализација,односно кон нив има посебен пристап како и барања според нивните потреби и можности се со цел да стекнат одредени животни вештини.

За сите ученици училиштето континуирано води евиденција за напредокот во учењето,за редовноста на наставните часови,за редовноста на додатната и дополнителната настава,за напрдокот во дисциплината,поведението како и за совладувањето на процесот во практичната настава .

Евиденцијата како информација се користи при откривање на способностите и вештините на учениците,надминување на евентуалните проблеми при следење на теоретската и практичната настава,подобрување на поведението и редовноста,при давањето на вистинска насока на ученицата во изборот на струките и друго.

Евиденцијата која е од ваков карактер е сместена во досие кое е задолжително за секој ученик а го подготвува педагошката служба.

Педагошката служба за сите заинтересирани субјекти е достапна во секое време и тие имаат законско право да ја разгледаат документацијата и да ја анализраат, потоа достапна

е за родителите, за наставниот кадар,воспитувачите,стручните соработници како и за учениците.

Податоците за овие активности ги дава наставниот кадар, а за тоа се задолжени и воспитувачите како и педагогого на училиштето.

4.4.2.Анализа на напредокот на учеництоте по пралелки

Стручната служба изготвува редовно тримесечни,полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците.Податоците за извештаите се добиени според податоците добиени од класните раководители.На наставничките совети се презентираат анализите на постигањата на секој ученик поединечно и по паралеки. При тоа во зависност од потребите, а и доколку има потреба за подобрување на успехот на учениците, од страна на наставниот кадар,на наставничките совети се предлагаат соодветни предлози за подбрување истиот.

Учениците кои постигнуваат забележителни резултати во текот на тековната учебна година и кои се активни во наставниот прцес и надвор од него во активностите кои се реализираат, се наградуваат со пригодна награда од Центарот.

Изборот на ученик на генерацијата се прогласува на крајот на четвртата или петтата година од школувањето, но ученик на годината,во зависност од постигнатите резултати, може да биде и ученик од другите класови.Најдобриот ученик се избира од страна на Наставничкиот совет и по предлог на класните раководиители и наставниот кадар.

Врз основа на резултатите на евиденцијата се согледуваат слабостите како и потешкотиите на кои наидуваат учениците,и се преземаат соодветни мерки и стратегиите за истите да се надминат.Учениците се запознаваат со успехот и со поведениeто и секогаш се мотивиираат за постигнување на подбри реултати од постигнтите.

Соглсно законот за средно образование, учениците кои преминуваат во други училишта,училиштето доставува преведница на училиштето во кое пеминал ученикот.

И спротивно, исти такви податоци училиштето добива од оние училишта од кои доаѓаат ученици.

Со извршената анкета побарано е мислење од 10 родители.Анкетата беше составена од десет прашања со заокружување на понудените опции.Со анкетата побаравме информации за тоа колку се родителите вклучени во активностите во училиштето,потоа дали се ценат етничката,верската,националната и другата различност,дали училишниот простор е безбеден за реализација на наставата,потоа за безбедноста на инфраструктурата во

училиштето,за организацијата на училиштетот околу посети на разни институции и за организацијата на екскурзии.Потоа во анкетата родителите даваат одговор и за тоа колку наставниците и стручната служба им помагаат на учениците кои имаат емоционална потешкиотии,за тоа дали наставниците водат целосна евиденција за постигањата,редовноста и поведението на учениците,потоа дали во училиштето има соработка меѓу стручните служби,учениците,родителите и наставниците и каква е хигината ви училиштето и во училишниот двор и дали истата редовно се одржува.

- 40% од родителите сметаат дека се вклучни во активностите на училиштето,додека пак 60% потврдиле дека родителите не се доволно вклучени во активностиите кои ги реализира училиштето.

- 80% од родителите се согласуват дека етничката, верската, националната и друга различност се прифаќаат и се негурваат, а 20% делумно се сложуваат дека тоа е така.

- Сите анкетирани родители, сметаат дека училишниот простор е безбеден за изведување на настава.

-80% од родителите сметаат дека инфратсурктурата во училиштето се безбедни и не преставуваат опасност. Со ова 10% делумно се согласуваат, а 10% потврдиле дека инфраструктурата во училиштето не е безбедна и претставува потенцијална опасност од повреди на учениците.

-што се однесува до организацијата на посети од страна на училиштето, 90% од родителите сметаат дека училиштето организира посети на разни институции се со цел учениците да ја збогатат својата едукација, а 10 % делумно се согладуваат дека училиштетот организира посети на разни институции.

- Во врска со организацијата на екскурзиите кои се зацртани со планот и програмата за работа, од родителите 40% се запознаени со организиацијата на екскурзииите, додека 60% делумно се задоволни околу добивањетом информации за органиозација на екскурзииите.

-40% од родителите потврдиле дека наставниците и стручните служби им помагаат на учениците кои имаат емоционални потешкотии, а 60 % делумно се сосгалсуваат.

-што се однесува до водењето на целосна и уредна евиденција од страна на наставниците,90% од родителите целосно се согласуваат дека тоа се реализара беспрекорно, а 10% пак делумно се согласуваат дека тоа е така.

- 40% од родителите сметаат дека во училиштето има добра соработка меѓу стручните служби,учениците,родителите и наставниците,40 % делумно се соглссуваат, а 20% потврдиле дека не се согласуваат околу тоа дека меѓу стручните служби,учениците,родителите и наставницте имаат добра соработка.

-Што се однесува до хигиената во училиштето, односно во училишните ходници,училниците и дворот 80% се изјасниле односно целосно се согласуваат дека хигиената е на завидно ниво, додека 20% делумно се согласуваат околу одржувањето на хигената во училишните ходници,училниците и во дворот на училиштето.

Со извршената анкета, анкетирани се 10 наставници. Анкетата беше составена од десет прашања со заокружување на понудените опции (се согласувам, делумно се согласувам и не се согласувам)

Со анкетата побаравме информации за тоа колку наставниците ги информираат учениците за нивните постигнувања,потоа дали наставниците обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат потешкотии во учењето и проблеми со редовноста,дали наставникот подеднакво се однесува кон сите ученици без разлика на пол,етничка припадност и способности.Во анкетата за наставниците се потенцира дали училиштето има инструменти со кои ги следи постигањата на секој ученик и дали при оценувањето се води сметка за индивидуалното оценување на учениците.Потоа се бара одговор за тоа дали во училиштето се почитува личноста на секој учник,а учениците можат слободно да се изразуваат и нивните мислења и идеи да се почитуваат.Потоа дали училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат и постојано планира и презема конкретни активности на ова поле. Во анкетата е опфатено и тоа дали наставниците водат сметка за потполна дискреција за прашање за личниот и семејниот живот на ученикот и дали наставниците служат како пример за учениците со својот изглед и однесување. На крајот од анкетата се потенцира дали наставниците со своите активности и ангажираност го подигнуваат квалитетот на образовниот процес.

- На прашањето дали наставниците ги информираат учениците за своите постигнувања, сите наставниците во анкетета целосно се согласуваат дека тоа е на преден план и се почитува максимално.

-90% од наставниците сметаат односно целосно се согласуваат дека обезбедуваат поддршка во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и кои имаат проблеми со редовноста, додека само 10 % делумно се согласуваат.

- 90 % од нсатвниците потврдиле дека наставникот подеднакво се однесува кон сите ученици без разлика на пол,етничка припадност и способности, а 10% делумно се согласуваа околу овие начела.

- За тоа дали училиштето има инструменти со кои ги следи постигнувањата на секој ученик,70% од наставниците целосно се согласуваат дека тоа е така, а 30% од нив делумно се согласуваат.

- 100% од наставниците при оценувањето водат сметка за индивидуалното оценување на учениците.

- За тоа дали во училштето се почитува личноста на секој ученик и дека улениците можат слободно да се изразуваат и дека нивните мисли и идеи целосно се почитуваат 80% од учениците се согласуваат дека тоа е така, а 20 %делумно се согласуваат.

- Наставниците целосно се согласуваат дека училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат и постојано планира и спрема конкретни активности на ова поле, а ист стопроцентен е ставот на наставниците дека тие водат сметка за потполна дискреција за пршања од личниот и семејниот живот на ученикот.

-80% од наставниците сметаат дека наставникот служи како пример а учениците со својот изглед и однесување, а 20 % делумно се согласуваат.

- За тоа дали наставниците со своите активности и ангажираност го подигнуваат квалитетот на образовниот процес 70% се согласуваат дека тоа е така, додека 30% делумно се согласуваат околу активностите и ангажираноста за подигнување на квалитетот на образовниот процес

Анкетирани се 10 ученици. Анкетата беше составена од десет прашања со заокружување на понудените опции (се согласувам, делумно се согласувам и не се согласувам)

Со анкетата побаравме информации за тоа дали учениците сметаат дека во училиштето се забранува секаков вид на насилство,потоа дали наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата,уредноста и пведението на учениците и дали учениците сметаат дека училишниот простор е безбеден за изведување на наставата.Од учениците се побараа и информации за безбедноста на инфраструктурата во училиштето, како и за тоа дали училиштето води грижа за учениците со емеоционални тешкотии без оглед на изворот.Учениците дадоа и свој став околу ангажираноста на училиштето за нивното здравје, за заштита на учениците од секаков вид на насилство како и за тоа дали стручната служба организира советувања за родителите на учениците кои покажуваат слаб успех и кои имаат намалено поведение. Тие дадоа и одговор на тоа дали училиштето е подговено да спречи користење на алкохол и други наркотични средста како и за тоа дали наставниците водат целосна сметка за постигањата на учениците.

-За тоа дали во училиштето се забранува секаков облик на насилство 80% од учениците се соглауваат дек училиштето не дозволува било какво насилство и пресема секогаш превентивни меки, додека 20% се соглсуваат делуно.

- Сите учници во анкетата се согласуваат дека наставниците водат целосна и уредна евиденција за постиганњата,уредноста и пведението на учниците.

-Исто така учениците се целосно се согласуваат дек училишниот простор во кој ја следат наставата е максимално безбеден.

-90% од учениците дадоа одговор дека инфрастурктурата во училиштето е безбедна и не претњставува потенцијална опасност од било какви повреди, додека 10% во врска со инфраструктурата на училишштето делумно се согласуваат.

- За тоа дали училиштето води грижа за ученицит со емоционални тешкотии 80% сметаат дека се води грижа за овие ученици, а 20 % делумно се согласуваат.

- Дали училиштето се грижи за здравјето на учениците 90% од учениците се соглсуваат дека училиштето е максимално вклучно во активностите за беспрекорно здравје на учениците.

-90% од учениците се соглсуваат дека училиштето работи во согласностсо аконските одредби и усвоените начела за заштите на учениците од разни видови на насилство.

-50 % делумно се согласуваат околу тоа дека стручната служба организира советувања за родитлите за оние ученици кои покажуваат слаб успех и или имаат намалено поведени, додека 50 % пак дадоа одговор дека стручната служба го реализира сето ова на најдобар можен начин.

-Околу спречувањето од страна на училиштето за користење на алкохол и други наркотични средства 70% од учениците дека на овој план училиштето рабпоти на завидно ниво додека 30 % делумно се согласуваат околу спроведувањето на овие активности.

- Во врска со постигањата на учениците од страна на наставниците,60% од учениците се согласуваат дека наставниците водат целосна сметка за постигањата на учениците, а 40 % од учениците делумно се согласуваат околу ангажираноста на наставниците за постигањата на учениците

***РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ***

**Клучни јаки страни:**

- За грижата и заштитата на учениците се грижат сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес.За заштитата и безбедноста на учениците се грижи и раководството како , стручните служби,техничкиот персонал како и дежурните наставници.

- Вработените во училиштето се грижат максимално за заштитата,на правата,приватноста и интегритетот на учениците.

-Се организираат предавања од страна на надворешни субјекти за спречување на пушењето, користењето на алкохол и на наркотични средсва.

-Училиштето се грижи и има пропишани процедури за грижа на учениците со телесни пречки во развојот.

-Училиштето соработува со родителите и со другите релевнтни институции.

-Училиштето води беспрекорна грижа за хигиената и заштита за здравјето на учениците и сите вработени.

-Евиденцијата која се води околу успехот, редовноста, поведението и дисциплината на учениците им е достапна и на родителите.

**Слаби страни:**

- Потреба од секаков вид на семинари и обуки за деца со сите видови на попреченост, се со цел да се подигне кавалитетот на образовниот процес

- Значителен дел од родителите сметаат дека не се доволно вклучени во активностите на училиштето, што укажува на потреба од поактивна родителска вклученост

- Иако постои поддршка за учениците со емоционални потешкотии, дел од анкетираните укажуваат дека таа поддршка не е секогаш доволно ефикасна и конзистентна

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.

Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.

Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.

Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.

### 5.1 УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во училиштето преовладува позитивна клима така што односот меѓу наставниците, како и односот меѓу наставниците и учениците се базира на меѓусебно и взаемно почитување Наставниците се во постојана меѓусебна комуникација и нивните искуства кои се разменуваат се база на вистинска координација во работата со учениците. Додека пак односот меѓу наставниците и учениците тој се базира на взаемно почитување кое подоцна се рефлектира во нивната едукација и тоа почитување преставува патоказ кој се рефлектира со позитивен ефект и подобри постигнувања во наставниот процес.

Без разлика на полот и на припадноста почитувањето на учениците е на високо ниво. Училиштето е втор дом на учениците и таквата нивна блиска корелација го трасира вистинскиот пат кон нивнтото меѓусебно почитување.

Во училиштето учениците се со различни посебни потреби и со различни спсобности, но сето тоа не претсавува бариера почитувањето меѓу учениците да биде на високо ниво. Во ниту еден момент овој фактор не го спречува меѓусебното дружење и почитување на учениците. Напротив, сето ова без разлика на тоа што тие се со различни потреби во развојот максимално го задржуваат кодексот на почитување и меѓусебно нивно дружење. Што се однесува до поведението и дисциплината училиштето бара тие да бидат на највисоко ниво, односно секој ученик треба да ги почитува правилата за однесување кои се донесени според правилата и прописите во рамките на училиштето. Во спротивно,

доколку некои од учениците се однесуваат спротивно од тие норми, одосно направат било каков проблем надвор од правилата и прописите  во рамките на училиштето,училиштето постапува според сите правила и прописи во донесувањето на одредена педагошка мерка, а за изрекување на истата одлучува наставничкиот совет.

Што се однесува до комуникацијата со надворешни лица, училиштето е подготвено и е секогаш отворено за беспрекорна комуникација со надворешни лица и е подготвено секогаш на сите да им ја достави  вистинската  информација. Има повеќе аспекти кои ги прават наставниците и учениците да бидат горди на своето училиште училиште. Многубројните активности на разни полиња и успесите кои се постигнуваат, како и взаемното меѓусебно почитување го трасираат патот на вистинската сатисфакција во работата која ги прави учениците и наставниците од двата пола да бидат горди што се дел од ова училиште.

## 5.2 ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА

За да ги промовира личните постигања на своите ученици училиштето организира разни видови на слободни активности,обуки,проекти се со цел оние ученици кои пројавуваат поголем интерес да го надоградат своето знаење,и да ги зголемат своите перспективи. Со ваквиот пристап се зголемува мотивацијата кај учениците и секој од нив го надградува своето знаење и ги продлабочува своите идни  перспективи. Кај  учениците со послаби способности покрај редовните се организираат и дополнителни часови,слободни активности се со цел да се совладаат  што е можно подобро наставните програми, односно да се продолжи со континуираност во работата со учениците кои имаат послаби способности за учење. Додека кај  учениците со поголеми способности покрај редовните се организираат и додатни  часови, слободни активности се со цел учениците да се стекнат со поголеми знаења и да се надоградат и оспособат за поголема социјализација.

Учениците учествуваат и на голем број спортски натпревари,домијада,учествуваа и во детскиот театар во Скопје, посетуваат и голем број културни манифестациии, карневали, саеми, фабрики и сл. Исто така учениците преку различни проекти посетија и други држави во странство (како на пр:Хрватска, Словенија, Србија, Турција, Романија) преку кои остварија соработка со нивни ученици и разменија свои искуства преку кои се

надоградуваат и имаат поголеми перспективи. На тој начин ги искажуваат своите квалитети и постигнувања така што го промовираат и претставуваат своето училиште.

## 5.3 ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ

Училиштето е максимално сконцентирано околу обезбедувањето на еднаквост и правичност кај сите ученици вклучувајки ги тука и машките и женските, учениците со различни посебни образовни потреби, како и учениците од различно етничко потекло.На тој план се реализраат голем број на активности се со цел да се постигне потребниот ефект за да се стигне до посакувсната цел. Секогаш меѓу учениците важи кодексот на еднаквост без разлика на сите претходно наведени форми, а сето тоа ја зголемува правичноста кај учениците Наставниците подеднакво ги третираат сите ученици и делуваат максимално педагошки за да ги насочат кон вистинскиот пат за нивно правилно едуцирање и совладување на потребните знаења. Училиштетото во својата организација за работа го опфака и сегментот на максимална координираност на наставниците се со цел да се постигне вистинската комуникација. Покрај ова училиштето кон сите ученици негува подеднаков третман и ги следи сите нивни кодекси на однесување и истите настојува да бидат на највисоко ниво се со цел да се постигнат вистинските резултати.

## 5.4 СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Училиштето е во постојан контакт со родителите на учениците и им ги доставува сите потребни информации за нивните ученици. Покрај ова, училиштето организира родителски средби на кои заедно со родителите се дискутира за сите можни начини за што подобра организација во реализација на идеате за едукација на учениците,за воведениот четврт степен во времетраење од пет години ,за проодност за запишување на факултет за талентираните ученици и за нивна поголема перспектива. На овие средби родителите имаат можност да се запознаат со сите планирани активности во училиштето во тековната година,и исто така можат да се информираат за се што ги интересира.Од друга страна пак, училиштето е во постојана телефонска комунакција со родителите на учениците и им ги доставува секогаш навремено сите информации за учениците. На овој план се разгледуваат сите идеи кои се очекува да бидат продуктивни.

Училиштето е во постојан контакт со родителите , а со дел од нив остварува и лични контакти со претходно закажани средби ако тоа е потребно, на кои се доставуваат сите информации за кои се интересираат.

Училиштето е максимално ангажирано околу спроведувањето на практичниот дел од наставата за учениците од машинската и текстилната струка.Токму поради тоа воспоставени се контакти со неколку организации кои работат со овие дејности се со цел учениците да ја добијат потребната практична основа. Училиштето има контакти со пазарот на работна сила, а тоа се прави се со цел некој од нив да биде насочен кон професијата за која се одлучил да ја извршува. Токму поради тоа воспоставени се голем број на контакти со фабриките како и со локалните стопански организаци за да учениците имаат поголем избор. Доколку е потребно се преземаат сите потребни мерки за да се постигне вистинската цел за правилна обука.

Училиштетот соработува со голем број на училишта надвор од нашите граници (Бугарија, Србија, Хрватска, Полска, Словенија, Романија). Од меѓусебните посети се користат голем број на искуства. Покрај посетите наставниот и раководниот кадар на училиштето учествува на голем број семинари и конференции на кои се користат информации со идеи за збогатување на програмските активности во училишниот центар.

Собирање податоци

Прашалникот го одговорија 15 ученици по случаен избор од класовите од прва до петта година :

Според прашалникот :

- Учениците се почитуваат и подржуваат меѓусебно ,

93,33% од испитаниците одговориле со да, додека 6,67% од испитаниците одговориле со “ малку”

- Задоволни се од амбиентот и односите во ученичкиот дом и училиштето одговориле со да 100% од испитаниците

- Училиштето организира посета на фабрики, саеми и други манифестации, одговориле со “да” 86,67% од испитаниците, додека 13,33% од испитаниците одговориле со “ многу”

-Родителите на учениците добиваат навремени информации од училиштето за нивниот успех, поведение и нивните постигнувања – одговориле со " многу" 66,67%, додека 33,33% од испитаниците одговориле со " да"

-Учениците одат на натпревари во други училишта или се вклучени во некои проекти - 60% од испитаниците одговориле со "да", додека 13,33% од испитаниците одговориле со " малку" , додека 26,67% од испитаниците одговориле со " многу"

-Учениците без разлика на националната припадност и полот се третираат подеднакво и со почит од страна на наставниците - 80% од испитаниците одговориле со"да", додека 20% од испитаниците одговориле со " многу"

-Училиштето делува согласно законските одредби за заштита на учениците- 40% од испитаниците одговориле со "да", ,додека 13,33% од испитаниците одговориле со " малку", додека 46,67% од испитаниците одговориле со " многу"

-Училиштето соработува со локалната заедница и со стручни служби за помагање на учениците- одговориле со " многу" 66,67%, додека 33,33% од испитаниците одговориле со " да"

-Училиштето презема мерки за безбедност и заштита на учениците- одговориле со "да" 60% од испитаниците, одговориле со " многу" 33,33%, додека 6,67% од испитаниците одговориле со " малку"

-Учениците добиваат добри информации и совети од училиштето за перспективите по завршувањето на образованието – одговориле со"да" 60% од испитаниците, додека 40% од испитаниците одговориле со " многу"

-Родителите се информирани за постигнувањата на своите ученици- 46,67% одговориле со "да" , одговориле со " малку" 6,67%, додека 46,67% од испитаниците одговориле со " многу"

- Задоволни се од условите за изведување на наставниот процес- 53,33% од испитаниците одговориле со "да", 33,33% од испитаниците, одговориле со " многу" 33,33%, додека 13,33% од испитаниците одговориле со " малку"

- Учениците се дружат и си помагаат за постигнување подобри резултати во наставниот процес – 60% од испитаниците одговориле со "да", 26,67% од испитаниците, одговориле со " многу" 33,33%, додека 13,33% од испитаниците одговориле со " малку"

- Училиштето соработува со родителите и други институции за обезбедување грижа и здравствена заштита на учениците- одговориле со “да” 93,33% од испитаниците, додека 6,67% од испитаниците одговориле со “ многу”.

Ефективна и ефикасна употреба на наставни средства и материјали

Кратка анализа :

Учениците се задоволни од амбиентот и односите во училиштето и училишниот дом, без разлика на полот и националната припадност .Тие се почитуваат и се поддржуваат меѓусебно. Што се однесува до понатамошното образование, учениците добиваат информации од училиштето за перспективите по завршувањето на образованието. Училиштето е секогаш подготвено да им излезе во пресрет на учениците кои ќе одлучат да го продолжат своето образование и да им ја даде својата помош. Исто така училиштето им излегува во пресрет и им помага и на учениците кои одлучиле да се вработат по своето образование.

Училиштето делува согласно одлуките за заштита на учениците и секогаш ги спроведува соодветните законски мерки за да се постигне вистинската цел. Соработката со локалната заедница и со структурите стручни за оваа област е максимално насочена кон ефикасна реализација на овој сегмент.

Што се однесува до здравствената заштита училиштето соработува со неколку здравствени институции и заедно во координација со родителите обезбедува соодветна здравствена грижа и заштита на учениците,за што поголема едукација на учениците, училиштето организра и посети на фабрики, саеми како и следење на низа културни и спортски манефистации. Покрај ова училиштето е активно вклучено и во други проекти, а ваквиот пристап на работа го зголемува нивото на едукација на учениците.

Комуникацијата на релација училиште - родител е на високо ниво. Родителите на учениците од страна на училиштето постојано се информирани за постигањата и тековните проблеми на учениците.

Прашалник

Прашалникот го одговорија 15 наставници:

Според прашалникот:

- Наставниците соработуваат и меѓусебно се почитуваат, 60% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 40% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

- Наставниците соработуваат со останатиот персонал во училиштето, 86,67% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 13,33% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

- Училиштето постапува согласно законските прописи кон вработените во центарот, 86,67% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 13,33% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

- Наставниците се ангажирани во проекти со учениците, 60% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 40% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

- Наставниците одржуваат слободна активност со учениците во онаа област за која пројавуваат интерес, 86,67% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 13,33% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

- Наставниците ги наградуваат учениците за нивните постигнувања, 93,33% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 6,67% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

- Наставниците се однесуваат подеднакво кон сите ученици без разлика на полот и националноста, 93,33% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 6,67% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

- Наставниците им укажуваат на учениците за перспективите по завршувањето на образованието, 86,67% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 13,33% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

- Наставниците ги изведуваат кодексите на однесувањето на високо ниво со цел да се постигнат подобри резултати, 93,33% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 6,67% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

- Наставниците континуриано ги информираат родителите за целокупната состојба во воспитно образовниот процес за нивното дете – ученик, 100% од испитаниците одговориле со “се согласувам”.

- Училиштето соработува со голем број на организации надвор од Центарот (локални заедници, препријатија, културно уметнички организации...), 93,33% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 6,67% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

- Училиштето помага и дава препораки за учениците при вработување во соодветни РО по завршувањето на образовниот процес, 86,67% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 13,33% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

Кратка анализа :

Наставниците соработуват и меѓусебно се почитуваат, а сето тоа внесува позитивно влијание врз работата во Центарот. Исто така наставниците соработуваат и комуницираат со останатиот персонал во училиштето. Законските прописи се почитуваат и училиштето постапува согласно според нив. Наставниците спроведуваат проекти од различни области со учениците и презентираат дополнителни активности со учениците. Со тоа го афирмираат училиштето и ги наградуваат учениците. Наставниците се однесуваат подеднакво кон сите ученици, без разлика на полот и националноста. Што се однесува до понатамошното образование, учениците добиваат информации од наставно-воспитниот персонал во училиштето за перспективите по завршувањето на образованието.

Училиштето е секогаш подготвено да им излезе во пресрет на учениците кои ќе одлучат го продолжат своето образование и да им ја даде својата помош. Училиштето соработува со локалната заедница, претпријатијата, како и со културно уметнички организации од нашата, како и од странски држави.

Комуникацијата на релацијата наставник - родител е на високо ниво. Родителите на учениците постојано се информирани за постигнувањата и тековните проблеми на учениците.

Прашалник

Прашалникот го одговорија 9 родители:

Според прашалникот:

- Учениците се почитуваат и поддржуваат меѓусебно, 66,67% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 33,33% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

- Моето дете е безбедно во училиштето и во неговата околина, 100% од испитаниците одговориле со “се согласувам”.

- Училиштето делува во согласност со законските одредби и усвоени начела и го штити моето дете од насилство, алкохол, пушење и злоупотреба на дрога, 100% од испитаниците одговориле со “се согласувам”.

- Училиштето навреме и на правилен начин се справува со учениците кои се однесува несоодветно, 100% од испитаниците одговориле со “се согласувам”.

- Ученици без разлика на националната припадност и полот се третираат подеднакво и со почит од страна на наставниците, 100% од испитаниците одговориле со “се согласувам”.

- Наставниците ги наградуваат учениците за нивните постигнувања, 88,89% од испитаниците одговориле со “се согласувам”, додека 11,11% од испитаниците одговориле со “делумно се согласувам”.

- Родители добиваат навремени информации од училиштето за успехот, поведението и постигнувањата на нивните ученици, 100% од испитаниците одговориле со “се согласувам”.

- Учениците се вклучуваат во натпревари, или во некои проекти, 100% од испитаниците одговориле со “се согласувам”.

- Психолошко-педагошката служба, наставно-воспитниот персонал им е секогаш достапна на учениците кои имаат потреба од совет или помош, 100% од испитаниците одговориле со “се согласувам”.

- Училиштето соработува со голем број на организации надвор од Центарот (локални заедници, препријатија, културно уметнички организации...), 100% од испитаниците одговориле со “се согласувам”.

Учениците се почитуваат и поддржуваат помеѓу себе, при што сето тоа внесува позитивно влијание на атмосферата во Центарот. Тие се чувствуваат безбедно во околината, како и дека им е овозможено да се фокусираат на развој, без опасностите од пороци кои демнеат над младите во денешно време сѐ повеќе. Тие се мотивирани за да се надградуваат преку учество на натпревари, како и преку награди за покажаниот прогрес. Се чувствуваат како да ја имаат поддршката од психолошко-педагошката служба секогаш кога им е потребна.

Родителите се известени постојано за прогресот на нивните деца и моменталната ситуација со нив.

***РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО УЧИЛИШНА КЛИМА***

**Клучни јаки страни:**

- Училиштето претставува безбедна и сигурна средина за учениците и вработените
- Меѓусебните односи се градат без предрасуди во однос на социјален статус, вероисповед и национална припадност
- Постојат позитивни и отворени релации меѓу учениците и наставниците
- Учениците слободно ги изразуваат своите ставови и мислења
- Се негуваат соработнички односи меѓу учениците
- Изработен е и усвоен кодекс на однесување за учениците и вработените
- Развиена е соработка со останатите училишта во општината и локалната заедница
- Овозможена е реализација на практична настава во компании
- Соработка со сродни средни училишта надвор од Република Северна Македонија
- Солидно уредена и редовно ажурирана веб-страница
- Училиштето е активен учесник во бројни проекти, натпревари и манифестации.
- Учествува во повеќе меѓународни проекти

**Слаби страни:**

- Системот за наградување на учениците не е доволно развиен и применлив во пракса
- Учениците преку ученичката заедница имаат ограничено учество во донесувањето на одлуки поврзани со воспитно-образовниот процес

Изработиле: Славица Митева, Јасминка Гуњова – Костова, Валентина Јанкоска

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

**Извор на податоци:**

*Годишна програма за работа;*
*План за развој на училиштето;*
*Записници од просветна и санитарна инспекција;*
*Полугодишен и годишен извештај;*
*Наставни средства и материјали;*
*Библиотечна евиденција;*
*Годишна програма на училиштето;*
*Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето*
*Пописни листи;*
*Сметководствена евиденција;*
*Финансов план, план за јавни набавки, завршна сметка;*

Државиот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ Скопје својата дејност ја извршува во два наменски изградени објекти од цврста градба: училишна зграда и ученички дом каде се згрижени учениците од други општини во Р.С. Македонија, пуштени во употреба во 1974 година.

Училишната зграда во која се изведува образовно-воспитниот дел од дејноста на Центарот има површина од 4102м2. Во неа се сместени 13 училници и 2 работилници за изведување на практична настава од машинска и текстилна струка со вкупна површина од 884м2. Сите училници и кабинети се опремени со неопходниот инвентар како и со потребните дидактички средства и помагала за современо изведување настава по секој наставен предмет.

Покрај училниците и кабинетите училишната зграда располага и со следните наменски простори:

- библиотека со читална (46м2)
-фискултурна сала со помошни простории  со површина од 300м2.
-наставничка канцеларија со површина од 100м2.
-шест административни простории со површина од 154 м2
- седум апартмани за сместување на гости, ученици и студенти

За сместување и исхрана на учениците од внатрешноста на Република Македонија, како и за други вон наставни активности, Центарот располага со ученички дом со површина од 1170м2. Во ученичкиот дом покрај ученици со оштетен слух се сместуваат редовни

ученици од другите средни училишта на територија на град Скопје и студенти од факултетите во градот Скопје како.

Ученичкиот дом е опремен со следните наменски простории:

-56 спални соби најголемиот дел со четири кревети но дел од нив се двокреветни и трокреветни, со вкупна површина од 768м2. Секоја спална соба е опремена со неопходниот инвентар за задоволување на потребите на учениците. Сместувачкиот капацитет на ученичкиот дом и сместувачкиот капацитет во училишната зграда е за околу 220 корисници. Останати простории со кои располага ученичкиот дом:

- кујна за приготвување храна за учениците со трпезарија
- магацински простор за чување на храна
- три занимални за попладневни занимања
- три канцеларии за воспитувачи
- сала за приредби и ТВ сала
- засолниште и други помошни простории;
- седум бањи со санитарни чворови
- перална
- безжичен интернет пристап во секое време

Центарот располага со простран училишен двор со површина од 25000м2 , поголемиот дел е уредена и озеленета. Во дворот на Центарот изградено е спортско игралиште со површина од 1000м2.

Загревањето на двата објекта е со парно греење. Од безбедносни причини двата објекта се опремени со видео надзор.

Воспитно-образовната работа се реализира во 12 училници, 1 кабинет по информатика и 1 кабинет по техничко цртање со нацртна геометрија и Auto.CAD, една работилница за текстилна струка, една работилница за машинска струка и една столарска работилница.

Во функција на наставата покрај информатичката опрема, вклучени се и 3 (три) смарт табли, секоја училница располага со ЛЦД проектор, скенер и печатар. Во една училница во која се реализира настава од машинска струка набавен е 3Д печатар кој се користи во рамки на наставата по техничко цртање, како и за изработка на промотивни материјали за Центарот. Во холот на училиштето поставени се два интерактивни уреди кои се користат

при организирање на настани, обуки, презентации и други активности од образовен и јавен карактер.

За остварување на општествена и педагошка дејност наменети се простории за наставници, директор, педагог и администрација. За реализација на наставата по спорт и спортски активности Центарот располага и со фискултурна сала со вкупна површина од 300м$^2$ и соодветни реновирани соблекувални, како и просторија со фитнес справи за вежбање.

Центарот располага со паркинг простор, пристапни рампи, тоалети на секој спрат, како и во фискултурната сала, вкупно 4 (четири).

Во рамките на училиштето функционира училишна библиотека која обезбедува соодветна литература за наставната обработка и задолжителните лектири, одговарајќи на потребите на учениците. Библиотечниот фонд брои вкупно 10.370 наслови, од кои: 238 лектирни изданија, 1.079 стручна литература, 322 наслови од областа на дефектологијата, 1.001 странска белетристика, 722 наслови од македонската книжевност, 34 енциклопедии и 4.026 учебници од МОН.

Фондот на книги редовно се обновува и збогатува, согласно образовните потреби и современите развојни трендови. Членови на библиотеката се учениците од училиштето, средношколците сместени во ученичкиот дом, како и вработените во Центарот.

Библиотеката претставува значаен ресурс за унапредување на наставниот процес, поттикнување на читачките навики и поддршка на личниот и образовниот развој на учениците.Покривот на училишната зграда и на ученичкиот дом е изведен од азбестни плочи кои се во многу лоша состојба. Имајќи ги предвид еколошките и здравствените ризици од присуството на азбест, неопходно е да се изврши замена на кровната конструкција и во училиштето и во ученичкиот дом. Прозорците во училишната зграда (100%) се дрвени, двоструки, застаклени со стакло од 3 мм и е потребно нивна замена.

Целиот објект има лоша термичка изолација.

Подната површина во училиштето е во релативно лоша состојба. Линолеумот со кој се обложени одредени училници е дотраен, поради што е потребна негова замена. Санитарните чворови се во добра состојба, но, во објектот не е обезбеден посебен тоалет за лица со попреченост.

Во изминатите две учебни години, реновирани се дел од тоалетите во училишната зграда, реновирани се соблекувалните и тоалетите во фискултурната сала и целиот училишен објект е варосан во неколку различни бои.

Заради подобро искористување на просторните капацитети, две училници се поделија на две помали училници. Наставата во училиштето се изведува во една смена. Бројот на паралелките е 15. Просторните капацитети со сите воспитно образовни активности се максимално искористени согласно Распоредот на часови за сите паралелки.

**6.2. Опрема, наставни средства и помагала, потрошен материјал**

Училиштето има стручна литература по соодветни наставни предмети обезбедени од страна на МОН преку проектот бесплатни учебници, со кои се задолжени предметните наставници и библиотеката на училиштето. Секоја училишна година според потребите се обновуваат наставни средства и помагала. Во последните две учебни години набавени се 8 (осум) персонални компјутери, 3 ЛЦД проектори, 3 платна за проекција, 7 (седум) печатари. Поради зголемениот број ученици со комплексни образовни потреби, во холот на третиот кат од училиштето е адаптирана и соодветно опремена сензорна соба, наменета за работа и поддршка на овие ученици. Сензорната соба значајно придонесува за унапредување на квалитетот на наставата, обезбедување психосоцијална поддршка и поттикнување на целокупниот развој на учениците. Таа ќе овозможи полесно совладување на наставниот материјал, ќе ја зголеми мотивацијата кај учениците да учат и истражуваат, ќе помогне во намалување на стресот и ќе ја подобри нивната концентрација.

За учениците со потешкотии во движењето училиштето располага со гасеничар, кој овозможува лесно и безбедно совладување на стрмните скали за лицата што користат инвалидска количка. Со ова се овозможува подобра пристапност, поголема независност и еднаков пристап до сите училишни простории.

Набавени се и 10 (десет) клима уреди за спални соби во ученичкиот дом.

Потребите за наставни средства, помагала и потрошен материјал ги утврдува секој поединец, според индивидуалните потреби  се прават порачки кои се контролираат од страна на директорот, се одобруваат со потпис, а потоа се набавуваат. Според овие потреби  се изработува план за утврдување потреба од наставни средства, помагала и потрошен материјал.

- Во ученичкиот дом во функција се 3 куќишта за компјутери и 3 монитори , 2 печатари и 1 музички системи за потребите во домот., 2 звучника , 1 ТВ.

- Во училиштето на центарот за учениците во текстилната струка има текстилната работилница каде се изведува предметот практична настава и во работилницата ги има следните наставни средства, помагала и потрошен материјал :

5 машини за шиење Брадар(зрнест бод) за домаќинство,3 Брадар индустриски машини за шиење (зрнест бод),1 Брадар индустриска машина за шиење копчиња, 1 Брадар индустриска оверлок машина со 5 конци,1Брадар маса и парна пегла, 1 Брадар мини преса за пеглање, 1 Брадар машина за кроење, 1 Сингер оверлок за домаќинство со 3 конци, 1 пегла рачна Северин,1Брадар индустриска машина за везење, 5 Гарудан индустриска стандард машина за шиење (зрнест бод),2 Гарудан автоматски индустриски машини за шиење (зрнест бод), 2 Гарудан индустриски оверлок машини за шиење со 4 конци,1 индустриска машина за кроење, 1 преса климакс. Во текстилната работилница има 4 маси за кроење, 1 флипчарт табла, 5 пара ножици , линеари за кроење 2, 1 триаголник, 1 агломер, 1Т линеар, 1 шестар, потребни потрошни текстилни материјали, конци, игли повеќе пакувања, масло за подмачкување машини, лепак, 4 штрафцигери, 3 пинцети за воведување конци, 2 уреди за подвиткување на материјал, 5 ножички за парање , креди , моливи, гуми и хартија за кроење, 30 листови А4, 2 шивачки метра, 5 линеари за цртање, бурди, учебници, папки и се требува по потреба што е дополнително потребно за проекти.

- Во машинската работилница каде се изведува дел од предметот практичната настава по машинска струка има :

1 струг ,1 столбна дупчалка, 1 столбна брусалка, 1 апарат за заварување со аргон ТИГ, 1 апарат за заварување со СО2 МАГ,1 апарат за електролачно рачно заварување РЕЛ, 1 рачна брусалка, 7 заштитни маски за заварување, 1 апарат за гасно заварување, 1 боца за аргон 401,1 боца за С2Н2 40 л , 2 боци со О2, 1 машинска пила (циркулар), 2 рачни пили, 1 пар заштитни наочари, 8 турпии, 4 секачи, 4 чекани, 4 паралелни стеги .

- Фискултурна сала располага со : 1 комплет компјутер , 6 топки за спортски игри , 20 тениски рекети, 3 пинг понг рекетисо топчиња, наставно средство за дигање тежина со 6 мали тегови и 1 голем тег, мрежи за одбојка, кошарка, ракомет, 5 обрачи, 10 јажиња, 6 палки, 2 клупи коса, 4 грбачи, 6 шведски скали, 2 висечки јажиња, 2 висечки мотки, 4

висечки скали, 4 справи за вежбање, 1 статичен велосипед, 1 подна лента, 1 степер, 14 душеци 14, 5 потки за фитнес, 6 врзувачки тегови за раце и нозе.

**Обезбедување на потребниот наставен кадар**




Вкупниот број на вработени во Училиштето изнесува 47 (черириесет и седум), од кои 19 (деветнаесет) наставници со висока стручна подготовка и положена дефектолошка дообразба и во потполност ги исполнуваат нормативите за наставен кадар за работа во училишта за ученици со посебни образовни потреби согласно Законот за средно образование и Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, 8 воспитувачи исто така со висока стручна подготовка и положена дефектолошка дообразба и во потполност ги исполнуваат нормативите за воспитен кадар за работа во ученички дом за ученици со посебни образовни потреби согласно Законот за средно образование и Законот за ученички и студентски стандард двајца стручни соработници – педагог и психолог. Станува збор за високо едуциран кадар кој перманентно, организирано и индивидуално работи на личното и организациското усовршување. Целокупната работа на Училиштето е потпомогната и од административно-техничкиот персонал чиј вкупен број изнесува 19 вработени.

Од вкупниот број на вработени, 30 се жени и 17 се мажи.




Според работното време, вкупно 44 вработени (93,61%) се ангажирани на неопределено време, додека само 3 вработени (6,38%) работат на определено време.




Од наставниот кадар 7 (36,84%) наставници предаваат стручни теоретски предмети и практична обука, а 12 наставници (63,15 %) општообразовни предмети.




Од наставниот кадар вработен на неопределено полно работно време, четворица наставници надополнуваат часови во друго училиште. Наставниците кои се ангажирани на

определено работно време се платени според бројот на часови што ги реализираат во нашето училиште.

Што се однесува до административно-техничкиот кадар и стручната служба, сите работни обврски кои произлегуваат од нивните работни места се реализираат во рамките на 40-часовно работно време во текот на неделата.

**Стручна служба како поддршка на наставниот кадар**

Стручната служба ја сочинуваат: педагог и  психолог. Стручната служба соработува со наставниците во следење на напредокот на учениците, во справување со ученици со одредени воспитни или образовни потешкотии, во обезбедување поддршка при работа со ученици со посебни образовни потреби, како и при организација и реализација на практичната обука и други активности.

Целиот персонал (машки и женски) е редовно присутен на работа според прописите. Центарот за да ја следи и да ја обезбеди присутноста на персоналот води евиденција за секој работен ден, за секој вработен поединечно. Секое отсуство се евидентира и оправдува со соодветен документ .

**Професионален развој на наставниот кадар**

Професионалната обука и усовршувањето на наставниците имаат директно влијание врз квалитетот на образовниот процес, придонесувајќи кон зголемување на ученичкиот успех, нивниот ефективен развој и активно вклучување во општествениот живот и работа.

Професионалниот развој претставува современ концепт во наставничката професија, преку кој наставниците се подготвуваат на поинаков и посистематизиран начин за успешно извршување на своите работни задачи. Согласно Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование, наставниците се должни континуирано да се усовршуваат – најмалку 60 часа во текот на три учебни години. Ова усовршување се реализира преку:

- акредитирани програми за обука,
- проекти одобрени од МОН,
- интерно усовршување во училиштето,

- индивидуални форми на учење (од кои најмалку 40 часа преку акредитирани програми за обука).

Секој наставник и стручен соработник е должен да изготви План за личен професионален развој, согласно Правилникот за формата и содржината на планот.

Наставниците имаат професионално досие во кое се евидентираат сите посети на обуки-доказ добиен сертификат, проекти, оцена од самоевалуација, посета од страна на советник и сл.

**Финансиско работење на Центарот**

Финансиското работење во Центарот се спроведува во согласност со законските норми и прописи. На почетокот на секоја учебна година се изготвува финансиски план за тековната година и план за јавни набавки, со цел навремено и прецизно планирање на потребите и трошоците. На крајот на годината се подготвува годишна сметка, која претставува завршен финансиски извештај за реализираните приходи и расходи.

Сите овие документи се усвојуваат од страна на Училишниот одбор и дополнително се одобруваат од основачот на училиштето, со што се обезбедува законитост, транспарентност и отчетност во финансиското работење.

Училишниот одбор има активна улога во следењето на финансиските активности, при што особено внимание се посветува на наменското трошење на буџетот и врската меѓу искористените средства и подобрувањето на квалитетот на наставниот процес. На овој начин, финансиското работење не претставува само административна обврска, туку и алатка за развој и унапредување на образованието во Центарот и подобрување на условите за престој на учениците сместени во ученичкиот дом.

**Од анализата на анкетниот прашалник наменет за учениците, добиени се следниве резултати:**

Прашалникот го одговорија 10 ученици од кои :

- 2 женски и 8 машки
- 4 ученици престојуваат во домот 1 година, 1 ученик 2 години, 1 ученик со опфат на образование од три годишно и 4 ученици 4 годинишно


Во училиштето постојат услови за успешно следење на наставата
120
100
80
60
40
20
0
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Колку често ја користиш училишната библиотека
120
100
80
60
40
20
0
Редовно
Повремено
Ретко
Никогаш


Дали добиваш соодветна помош при учењето, и во училиштето и во домот
120
100
80
60
40
20
0
Редовно
Повремено
Ретко
Никогаш










**Од анализата на анкетниот прашалник наменет за наставниците, добиени се следниве резултати:**

Анкетен лист го одговорија 9 наставници. Од нив 4 машки и 5 женски. На возраст до 35 години - 2, 4 во категоријата од 36-51 година, 3 над 51 година. Во однос на степенот на образование, 6 се со високо образование-факултет, 3 се магистри. Што се однесува до работниот стаж во училиштето – 6 спаѓаат во групата до 10 години и 3 во групата од 11 до 20 години.







Училиштето располага со соодветнио обучен кадар за потребите на наставата
100
80
60
40
20
0
Потполно се согласувам
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Наставниците во училиштето имаат можност за соодветни обуки и професионален развој
70
60
50
40
30
20
10
0
Потполно се согласувам
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Постои добра соработка меѓу наставниците и стручната служба при решавање на проблемите со учениците
100
80
60
40
20
0
Потполно се согласувам
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Наставниците и вработените имаат навремен и јасен увид во финансиското работење на училиштето
60
50
40
30
20
10
0
Потполно се согласувам
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Раководниот кадар има целосно разбирање и активно се залага за користење на механизмите за обезбедување дополнителни финансиски средства
100
80
60
40
20
0
Потполно се согласувам
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам







***РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО РЕСУРСИ***

**Клучни јаки страни:**

- Големината на училниците е соодветна на бројот на учениците во паралелките, што овозможува нормално и квалитетно одвивање на наставниот процес
- Училишната зграда и просторот се пристапни за сите ученици и вработени, вклучувајќи ги и лицата со потешкотии во движењето
- Училишниот простор, заедно со салата за физичко образование и училишниот двор, ги исполнува нормативите и стандардите за изведување на наставата и воспитно-образовниот процес

- Наставниците максимално ги користат расположливите просторни капацитети, а Центарот има јасен план и распоред на користење на капацитетите
- Во Центарот прописно се води библиотечната евиденција
- Центарот планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вонннаставните активности, во согласност со Годишната програма за работа на Центарот. Со тоа се гарантира непречен тек на образовно-воспитниот процес и квалитетна поддршка на учениците и наставниот кадар
- Центарот реализира соработка со бизнис секторот преку реализација на практична настава во компаниите сродни со струката на училиштето
- Сите училници се опремени со компјутери и имаат обезбеден Интернет пристап, што овозможува примена на современи наставни методи и полесно совладување на наставните содржини
- Сите соби во ученичкиот дом располагаат со Интернет, што дополнително им овозможува на учениците услови за учење и истражување надвор од наставата
- Сите постапки поврзани со финансиското работење што ги спроведува училиштето се реализираат во целосна согласност со важечките законски норми и прописи. На тој начин се обезбедува транспарентност, рационално користење на средствата и усогласеност со предвидените финансиски планови и програми
- Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства
- Раководниот кадар го следи наменското трошење на дополнителни финансиски средства

**Слаби страни:**

- Стара и дотраена кровна конструкција
- Во Центарот не е обезбеден посебен тоалет за ученици со инвалидитет
- Подната површина во училиштето е во релативно лоша состојба
- Центарот преку различни извори да обезбеди средства за капитални инвестиции

## 7.УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

7.1. Управување и раководење со училиштето

7.2. Цели и креирање на училишната политика

7.3. Развојно планирање

Извори на податоци:

Статут на Центарот

Годишна програма за работа на Центарот

Развоен план на Центарот

Извештаи за работата на Центарот

Деловник за работа на училишниот одбор

Записници, одлуки, Извештаи за работата на Училишниот одбор

Самоевалуација

Програма за работа на директорот

Записници од Наставнички совет, Совет на родители

Финансиски планови и финансиски извештаи

Анкетен прашалник

Анкетниот прашалник беше наменет за наставници, воспитувачи, родители, ученици и членови на Училишен одбор. Од наставниците и воспитувачите анкетниот прашалник го пополниле 24 наставници и воспитувачи (100%), од 45 родители анкетниот прашалник го пополниле 14 (31,1%), од учениците анкетниот прашалник го пополниле 21 ученик (46%).

Анкетниот прашалник за членовите на Училишниот одбор го пополниле 9 членови (75%).

Анкетниот прашалник наменет за наставниците беше поделен на 3 дела во кои се дадени искази на кои анкетираните наставници треба да одговорат со: Потполно се согласувам, Се согласувам, Делумно се согласувам и Не се согласувам.

- првиот дел се однесува на Управување со училиштето и содржи пет искази;

- вториот дел се однесува на Раководење со училиштето и содржи пет искази и

-третиот дел е наменет за Креирање на училишни политики и содржи пет искази.

Од анализата на анкетниот прашалник наменет за наставниците и воспитувачите, добиени се следниве резултати:

Прв дел: Управување со училиштето









4.Училишниот одбор го поддржува и го обезбедува професионалниот развој на наставниците и воспитувачите во Центарот

24 responses




5. Училишниот одбор ги разгледува жалбите за важни прашања на учениците, родителите и наставно-воспитниот кадар

24 responses




## Втор дел: Раководење со училиштето

6. Директорот со својата работа и однесување им служи за пример на вработените во училиштето

24 responses



7. Директорот објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа

24 responses




8. Директорот се залага за обезбедување на квалитет и унапредување на воспитно образовната работа

24 responses




9. Директорот воспоставува продуктивни партнерства и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта на активности за меѓуетничка интеграција

24 responses




10. Директорот успешно ги имплементира во училиштето и ученичкиот дом промените во образовниот систем

24 responses



## Трет дел: Креирање на училишна политика

11. Центарот има прецизни и јасни цели кои ја отсликуваат неговата мисија и визија

24 responses




12. Училиштето континуирано ги утврдува потребите за стручно усовршување на наставно-воспитниот кадар

24 responses




13. Во Центарот постои добра координација на работата на стручните и другите органи

24 responses









Анкетниот прашалник за членовите на Училишниот одбор содржи 9 прашања на кои испитаниците требаше да изберат еден од следните искази: Потполно се согласувам, Се согласувам, Делумно се согласувам и Не се согласувам.

Од анализата на анкетниот прашалник за членовите на Училишниот одбор, добиени се следниве резултати:

1. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури




2. Директорот на училиштето редовно доставува извештаи за својата работа на училишниот одбор




3. Директорот се залага за обезбедување на квалитет и унапредување на воспитно-образовната работа




4. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето




5. Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, учениците, родителите и претставниците од локалната заедница




6. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели



7. Училиштето обезбедува обука за членовите на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување




8. Училишниот одбор активно учествува во креирање на училишната политика во која се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество




9. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет



Анкетниот прашалник за родителите содржи 5 прашања на кои испитаниците требаше да изберат еден од следните искази: Потполно се согласувам, Се согласувам, Делумно се согласувам и Не се согласувам.

Од анализата на анкетниот прашалник за родителите, добиени се следниве резултати:

1. Претставници од родителите се членови на Училишен одбор




2. Раководниот орган се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, а во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците и подобрување на училиштето




3. Училиштето не информира за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање




4. Училиштето не консултира во креирањето на училишната политика




5. Раководниот орган на училиштето ги спроведува училишните политики во кои се афирмира МИО и инклузија




Анкетниот прашалник за учениците содржи 5 прашања на кои испитаниците требаше да изберат еден од следните искази: Потполно се согласувам, Се согласувам, Делумно се согласувам и Не се согласувам.

Од анализата на анкетниот прашалник за учениците, добиени се следниве резултати:

1. Во моето училиште учениците учествуваат во донесување на одлуки важни за училиштето




2. Со директорот можам да разговарам за некој проблем, предлог, иницијатива и сл.




3. Во училиштето се почитува Куќниот ред и Кодексот на однесување




4. Моите родители се вклучени во одредени активности на училиштето




5. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, МИО и сл.




Извори: документи кои се прегледани

7.1.1 Управување со Центарот

Училишниот одбор е колективен орган на управување. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Училишниот одбор го сочинуваат: 4 претставници од наставниците и воспитувачите, 3 претставници од Влада на РСМ, 1 претставник назначен од МОН, 3 претставници од Советот на родители и 1 претставник од Стопанска комора на С.Македонија без право на глас, кој сеуште не е именуван од страна на Комората, иако Центарот веќе има поднесено официјално барање за именување. Од таа причина Училишниот одбор е составен од 11 члена и тоа: 7 жени и 4 мажи.

Избор на членови за Училишниот одбор, претставници од наставно-воспитниот персонал во Училиштето се врши со гласање во рамките на Наставничкиот совет. Се практикува секогаш да има претставници наставници и претставници воспитувачи од ученичкиот дом, се со цел застапување на интересите на целокупниот наставно-воспитен персонал и сите ученици.

Бидејќи нашето училиште е пред се средно стручно училиште за ученици со оштетен слух, членови во Училишниот одбор се две глуви лица – еден воспитувач и еден претставник од родителите.

Изборот на претставници во У.О. од страна на родителите на учениците се врши на состаноците на Советот на родители.

Мандатот на членовите на У.О. трае четири години. Претставниците од наставно-воспитниот персонал на Центарот ги разрешува Наставничкиот совет, а преставниците на родителите на учениците ги разрешува Советот на родители. Седниците на Училишниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на У.О. по своја иницијатива,по барање на директорот или по барање на 1/3 од членовите на Училишниот одбор. Училишниот одбор може да одржува седници и донесува одлуки во присуство на повеќе од половина од своите членови.

Училишниот одбор ги врши следниве работи:

- донесува статут;

- предлага годишна програма за работа и извештајот за работа до МОН, БРО, ДПИ

- предлага годишен финансиски план до МОН

- предлага завршна сметка до МОН

- објавува јавен оглас за именување на директор;

- врши интервју со кандидатите за директор;

- од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за именување на директор, му предлага на Министерот еден кандидат;

- поднесува предлог до директорот за престанок на работниот однос на лицата од членот 81 став 1 на овој закон;

- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во училиштето;

- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и

- разгледува и други прашања утврдени со статутот на Центарот.

Состаноците се свикуваат со доставување лични покани, предлог дневен ред и предлог-одлуки до членовите на УО. Седниците се одржуваат и полноправно се одлучува доколку е обезбеден законски утврдениот кворум за работа.

Училишниот одбор води записник за својата работа и во него се внесуваат сите важни елементи од седницата како и донесените одлуки и заклучоци. Записниците се усвојуваат на следната седница, а потоа се заведува во деловодникот. Усвоениот и заведен записник од седницата претставува правна основа за постапување како на училишниот одбор така и на директорот, стручните служби, наставниците и другиот персонал во училиштето.

Работата на Училишниот одбор е регулирана со Деловник за работа кој го усвојува Одборот на седница, односно со секое конституирање на нов состав се усвојува и Деловник за работа. Со Деловникот се регулираат прашањата поврзани со :

- начинот и роковите на свикување седници,
- постапката за избор на претседател на Училишниот одбор,
- правата и обврските на членовите на Училишниот одбор,
- начинот на повикување на други лица да присуствуваат на седниците
- начинот на формирање постојани и повремени комисии во училиштето за прашања од значење на училиштето
- други прашања поврзани со работата на седниците на Училишниот одбор.

Обврските и надлежностите на Училишниот одбор и директорот се утврдени со Законот за средно образование и Статутот на училиштето, а на другите вработени со Договор за вработување потпишан од директорот во согласност со одредбите на Законот за работни односи, Законот за средно образование и Правилникот за систематизација на работните задачи. Училишниот одбор и раководниот орган имаат воспоставено партнерски однос што се констатира од прашалниците одговорени од страна на членовите на Училишниот одбор. Преку Наставничките совети сите наставници се информирани за одлуките на Училишниот одбор кои се однесуваат на воспитно-образовниот процес, а останатите преку информациите кои се наоѓаат на огласната табла во училиштето.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури.

7.1.2 Раководење со Центарот

Обврските и надлежностите на директорот се утврдени со Законот за средно образование и Статутот на Центарот. Одговорен е за законитоста во работењето и за материјално - финансиското работење на Центарот. Директорот се избира и разрешува на Училишниот одбор со претходна согласност од МОН. Неговиот мандат е во траење од четири години со право на повторен избор. Надлежностите на раководниот орган – директор,се запишани во Статутот на Центарот,со архивски број 02-300/1 од 27.08.2014 – член 93 и во Законот за средно образование.

Периодот 2023–2025 кој е опфатен со процесот на самоевалуација, во Центарот беше извршена промена на директорот, Октомври 2024 година. Сегашниот директор, како и

претходниот, има визија за развојот на училиштето, професионалниот развој на наставниците и унапредувањето на наставата и оценувањето.

Сегашниот директор, како и претходниот имаат професионални знаења и организациски способности кои се темелат на долгогодишното искуство во наставно-воспитниот процес.

Објективно се оценува работењето на вработените, се вреднува нивниот придонес во тимската работа, се промовира добрата практика што постои во Центарот; се донесуваат одговорни одлуки од страна на актуелниот, како и од страна на претходниот директор, со јасна визија за развојот на Центарот со која се запознаени сите вклучени чинители. Визијата на Центарот е добро организирана, материјално – технички опремена и кадровски екипирана воспитно-образовна установа која ќе овозможи социјализација, оспособување за самостојно извршување на работните задачи и интегрирање во работните процеси, како и овозможување и оспособување за вклучување во високо образование на учениците со оштетен слух.

Од стручните органи во Центарот функционираат: Наставнички совет, Совет на воспитувачи, Стручни активи на наставници и Стручен актив на вопситувачи. Надлежностите на овие стручни органи се утврдени со Статутот на училиштето. Нивните активности се планирани со Годишната програма за работата на Центарот. Соработката на директорот со наставниците и воспитувачите се реализира преку седници на: Наставничкиот совет, Совет на воспитувачи, Стручни активи на наставници и воспитувачи на кои се разменуваат идеи и се разрешуваат тековни прашања.

Новините во образованието се имплементираат на ниво на Центарот. Континуирано се следат акциските планови за реализација на развојната програма. Се воспоставуваат партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации.

Се води евиденција за планираните и реализираните посети на наставни часови, нагледни часови, часови на слободните ученички активности и други форми на непосредна воспитно-образовна работа со учениците, од аспект на: планирањето и програмирањето на содржините, подготвеноста, непосредната организација, како и успешноста на реализирањето на целите, задачите и содржините.

За успешно креирање на училишната политика, носечкиот дел го има директорот. Директорот дава насоки, инструкции и задолженија на стручните тела, комисии и поединци, кои преку соодветни повратни форми на комуникација известуваат за начинот и текот на реализација на дадените задолженија. Исто така се вршат и континуирани меѓусебни консултации и координација при водењето на училишната политика.

7.2. Цели и креирање на училишна политика

Во Центарот постојат активности за долгорочно планирање кои се во согласност со најдобрите образовни практики и законски регулативи.

Во временскиот период (учебна 2023/24 и 2024/25 година) планирањето во Центарот се базираше на темелна анализа на добиени податоци од: сите наставници вклучени во наставни и воннаставни активности, Извештајот на самоевалуација за учебна 2021/22 и 2022/23 година, Конечен извештај од интегрална евалуација 01-54/1 од 01.02.2024, Акциониот план 01-68/1 од 09.02.2024 година, Годишната програма за работа на Центарот за учебна 2021/22 и 2022/23 година, Годишната програма за работа на У.О, како и Годишната програма за работа на директорот како главен носител.

Во креирање на училишната политика освен директорот како раководен орган, учествуваат и стручната служба со свои сугестии, УО и Наставничкиот совет на училиштето.

По спроведената анкета и разговор со директорот на Центарот, наставниците и родителите се констатира дека целите се прецизни и јасни, ја отсликуваат мисијата и визијата на Центарот и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици.

Наставниците, воспитувачите, стручната служба, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување.

Наставниците, воспитувачите и стручните соработници ги знаат своите права и одговорности кои произлегуваат од различноста на задачите кои ги извршуваат.

Учениците преку низа активности а пред се со подобрување на успехот и редовноста активно учествуваат во реализирањето на целите и успешноста на училиштето. Соработката со учениците се базира на основната потреба ученикот да се третира како личност, без оглед на разликите во неговите способности, пол, вера, вероисповест, национална и социјална положба, да се почитува неговото мислење и да му се даде можност да ги искажува своите воспитно - образовни потреби.

Функционира ученичка заедница, со подготвена програма за работа и се надеваме дека со учениците со својата активност ќе го интензивираат влијанието врз креирање на училишната политика.

Од причини што нашите ученици се со посебни потреби се применува индивидуална и индивидуализирана настава со примена на адаптирани наставни програми, со примена на специфични наставни форми и методи за работа со ученици со оштетен слух. Поведението

на учениците се оценува со примерно, добро и незадоволително, согласно Статутот на Центарот во кој се наведени пропишани услови.

Заради повреда на должностите и неисполнување на обврските на ученикот му се изрекуваат педагошки мерки. Во процедурата на изрекување на педагошките мерки учествуваат класниот раководител, советот на паралелката, наставничкиот совет, одговорен воспитувач, советот на воспитувачи, а во постапките се вклучува и стручната служба, директорот и родителите.

Согласно Законот за средно образование од страна на психолошката служба, во соработка со класниот раководител и раководителот на воспитната група, се спроведува и Советување на родителите и учениците. За секое спроведено советување се изработува записник.

Наставата се одвива во една смена, претпладневна, додека во попладневните часови се организира воспитна работа и попладневно занимање за учениците кои се сместени во ученичкиот дом.

За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира дополнителна настава.

Учениците кои се упатени на поправен испит по завршувањето на наставната година посетуваат продолжителна настава.

За учениците кои ќе покажат зголемен интерес за одделни научни и наставни содржини организирана е додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одделни предмети и подрачја.

Распоредот на дополнителната и додатнатата настава го организира секој наставник во соработка со стручната служба и согласно законската регулатива се доставува до ДПИ најдоцна до 15 Септември.

Слободните ученички активности придонесуваат за ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците, развивање на колективната свест како и збогатување на општествениот живот и рекреација на учениците.

Вонннаставните активности се можност за креативно изразување на учениците во области за кои покажуваат поголеми афинитети. Освоените награди и признанија се еден од показателите за успешност на училиштето.

Во училиштето успешно се реализира практичната настава во машинска и текстилна струка. Во Центарот се води политика на взаемна толеранција поврзана со поведението и дисциплината, сузбивање на насилничкото однесување на учениците и дискриминација од

секаков вид. Ваквите евентуални појави се санкционираат со примена на одредбите од Законот за средно образование, Правилникот за педагошки мерки и Статутот на училиштето. Соработката на стручниот соработник со учениците, наставниците и родителите придонесува за подобро решавање на сите појави кои се однесуваат на напредокот на Центарот. Центарот има одлична соработка со родителите која се одвива преку: родителскиот одбор, родителски средби, индивидуални контакти и соработка со стручниот соработник.

7.3 Развојното планирање

Нашиот Центар има изработено четиригодишен Развоен план за период 2023-2027. Составен дел на развојниот план се сите елементи потребни за реализација на воспитно - образовниот процес, поткрепени со јасната мисија и визија.

Во развојните цели е дефинирана промената кон која стремиме како и придобивките од неа. Сите приоритетни области кои се обработени во развојниот план потекнуваат од проценката на состојбата во Центарот.

Во нив се презентирани носителите на активностите, чекорите и времето на реализација. Сите вработени во училиштето се информирани за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати.

Центарот постојано ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниот и стручниот кадар. Во соработка со МОН и Бирото за развој на образованието, директорот, стручната служба, наставниците и воспитувачите постојано се стекнуваа со нови знаења и професионално се усовршуваа и надградуваа. По извршените обуки се утврдуваат придобивките, се врши дисеминација на другите наставници и воедно се следи нивната реализација.

Центарот навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување на инфраструктурата и обезбедува сопствени и средства од донатори за наменско инвестирање во истата.

Осовременувањето на инфраструктурата е приоритет на Центарот. За секоја учебна година согласно финасовиот план се подобрува инфраструктурата во училиштето.Центарот освен соработката со локалната самоуправа соработува и со МОН сектор-инвестиции.

Секоја учебна година ја започнуваме во простории кои од функционален, естетски и хигиенски поглед се на високо ниво.

Секоја година, во континуитет се ревидира планот за подобрување на инфраструктурата преку самоевалуација каде ја согледуваме состојбата, ги планираме финансиските средства, активностите и времето на реализација.

Резултати од развојното планирање

Центарот има изготвено акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Во планот за развој се јасно одредени приоритетите, а од нив дефинирани стратешките и конкретните цели, како и сите планирани активности со носители, време на реазлизација, индикатори за успех и извори на докази. Постојано се следи текот на реализација на сите планирани активности.

Центарот има план за следење и евалуација и тој план го реализира. Континуирано се следи успехот на учениците, во текот и на крајот на учебната година. Податоците се обработуваат и анализираат во Извештајот за работа на Центарот. Од извршената анализа се одредуваат негативностите и се носат предлог мерки за подобрување на успехот и редовноста на учениците и квалитетот на работа на наставниците.

Центарот ги информира наставниците, воспитувачите, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамика на нивно реализирање.

При поставување на целите Центарот поаѓа од креираните мизија и визија. Во нивно определување и дефинирање ги вклучува наставниците и воспитувачите.

Центарот има изработено Развоен план и во неговата изработка се вклучени и наставниците и воспитувачите.

При реализација, се следат и документираат активностите, но не во сите области, следењето е подеднакво детално и редовно.

ДУЦОР „Партенија Зографски“ согласно со развојното планирање има утврдено подрачја на промени и приоритети – стратешки цели, и тоа:

1.Подобрување на условите за реализирање на квалитетна воспитно-образовната работа

- Извршена е комплетна реконструкција на тоалетите и соблекувалните во спортската сала

- Реконструирана, адаптирана и опремена сензорна соба за ученици со аутизам

- Започната е постапка за реконструкција на кровната конструкција

2. Подигнување на квалитетот на воспитно-образовната работа и постигањата на учениците

- Примена на современи методи, техники и средства (аудио-визуелни и компјутери) во наставата

Се превземаа чекори за комплетирање и подобрување на ефикасноста на ИКТ опремата

Се вршеше размена на искуства меѓу наставниците /стручните активи од користењето на ИКТ опремата и е-содржините

Направена е дополнување со ИКТ опрема и лаптопи за наставниот и воспитниот кадар

Овозможено е достапност на интернет во сите простории во училиштето и ученичкиот дом

- Подобрување на примената на стекнатите знаења од обуки и реализирани проекти

Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и реализира пренос на знаењата кои наставниците и воспитувачите ги стекнуваат на обуките вон училиштето или при реализација на меѓународни проекти

- Соработка и размена на искуства со сродни институции

Се интензивираше соработката со социјални партнери и невладини организации-ЕВН, АД Стопанска Банка, Ротари Клуб Скопје, Комора на занаетчии Скопје, Образовен Центар Визија Скопје

- Воведување на неформални профили со цел зголемување на знаењата и вештините на учениците и поголеми можности за нивно вработување

Во тек е адаптација и реконструкција на училница во која учениците во текот на слободни ученички активности ќе стекнуваат нови вештини за подготовка на храна

3.Подигнување на квалитетот на воспитно-образовната работа преку стручно усовршување на наставно-воспитниот кадар и стручната служба

Училиштето ги следи потребите за стручно усовршување на кадарот. Наставниците, воспитувачите и стручните соработници имаат поминато голем број обуки, соодветни на потребите на современата настава:

- обуки за зајакнување на капацитетите на наставниците, воспитувачите и стручните соработници во насока на употреба на современи техники за подобра интерактивна настава
- Инклузивна педагогија- основна и напредна обука
- Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи

- Обука за Дигитална писменост (дигитални вештини/компетенции)

Центарот има изготвено програма за професионален развој на наставниците, воспитувачите и стручните соработници.

ДУЦОР „Партенија Зографски“ како училиште во кое се образуваат ученици со оштетен слух и училиште во кое наставата се одвива со користење на знаковен јазик, она што најмногу недостасува, особено на ново вработените наставници и воспитувачи, е континуирана обука за знаковен јазик. За глувите ученици единствен начин да се стекнат со квалитетни и трајни знаења е само доколку следат настава на нивниот мајчин јазик, а тоа е знаковниот јазик. Единствена установа која организира вакви обуки е Националниот сојуз на глуви иналуви, но истите се организираат повремено и не ги задоволуваат потребите на нашите наставници и воспитувачи.

Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)

-Освен опсервација на просторот, беше направено интервју со директорот на Центарот, членови на УО, секретарот на Центарот заради преглед на документите, се со цел да се соберат информации за потребите на самоевалуацијата

-Информации за работата на Училишниот одбор, увид во годишната програма за работа на УО, одлуки кои се носат, за учеството во носење на одлуките од страна на сите членови, за транспарентноста и начинот на информирање на сите вработени, родителите и учениците за одлуките кои УО ги носи во текот на својата работа.

-Дали Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури

-Учеството и залагањето на УО во креирањето политики, и за афирмирање на инклузивноста, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Го провери професионален однос на УО кон работата и колку го поддржува професионалниот развој на наставниците, воспитувачите и стручните соработници, и дали ги разгледува жалбите за важни прашања на учениците, родителите и наставниот кадар

-Беа добиени информации за работата на директорот како раководен орган, конкретно за неговата објективност при оценувањето на работата на вработените во училиштето;

-Податоци кои се однесуваат за начинот на донесување на одлуки и колку притоа ги информира останатите вработени

-Податоци за директорот кои кажуваат за неговата објективост во оценување на работењето на вработените и колку го вреднува нивниот придонес во тимската работа;

колку успешно ги имплементира промените во образовниот систем; дали се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, и дали во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на Центарот

-Беа проверени податоците кои се однесуваат на стремежот на Центарот да воспоставува партнерства во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта на активности за меѓуетничка интеграција

- Проверка колку директорот е проактивен во реализирањето на политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, МИО и сл.

-Истражувањата за начинот на креирање и реализирање на развојната политика на училиштето.

- Добивме сознанија за тоа колку Центарот ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

**Резиме**

**Клучни јаки страни:**

Училишниот одбор е конституиран и работи законски во согласност со Статутот на училиштето и Деловникот за работа на УО регулатива работи

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури

Надлежностите за управување на училиштето се јасно дефинирани во Статутот на училиштето и доследно се применуваат

Директорот е посветен на работата и напредокот на Центарот, вложува напори за негово промовирање, за подобрување на условите за работа во училиштето и ученичкиот дом и успешно ги имплементира во промените во образовниот систем

Центарот континуирано соработува со ДПИ, БРО и МОН, НВО и граѓанскиот сектор. Успешно воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Успешно воспоставува партнерства на меѓународно ниво, со училишта и НВО и реализира меѓународни проекти

Успешно се идентификуваат потребите за стручно усовршување на наствниците, воспитувачите и стручните соработници

Центарот има прецизни и јасни цели кои ја отсликуваат неговата мисија и визија и тимовите се формираат на основа на знаење, стручност и способност

Центарот гради современи политики за развој на нови програми и проекти и успешно ја започна постапката за трансформација во Државно средно училиште со ресурсен центар „Партенија Зографски“-Скопје

**Слаби страни:**

Членовите на училишниот одбор имаат потреба од обука заради успешно извршување на улогата на управување

Родителите (делумно) имаат поголема потреба да учествуваат во креирањето на училишната политика, со што се согласуваат (делумно) и учениците

Наставниците и воспитувачите имаат потреба од континуирана обука за изучување на знаковен јазик

Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје, кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

Да се организираат обуки за членовите на училишниот одбор за успешно извршување на улогата на управување

Да се воспостави поефикасен систем за соработка со родителите и нивно учество во креирањето на училишната политика

Да се обезбеди континуирана обука за изучување на знаковен јазик за вработените

Да се продолжи со осовременување на наставата, наставните методи и техники, опремување со нагледни средства и помагала и обновување на инфраструктурата во училишната зграда.

## ИДНИ АКТИВНОСТИ И ПРИОРИТЕТИ:

- Постоечките наставни планови и програми се застарени, бараат реформа и прилагодување на современите образовни потреби
- Во училиштето нема вработено дефектолог, иако се работи за средно стручно училиште за ученици со оштетен слух
- Континуирана обука на вработените за знаковен јзик
- Во училиштето нема програма за соработка со родителите
- Слаба реализација на додатна настава
- Подобрување на уписната политика на Центарот – бројот на ученици кои се запишуваат во училиштето од година во година покажува тенденција на опаѓање
- Поголема вклученост на родителите во училишните активности
- Да се организираат обуки и семинари за сите наставници со цел да се подигне квалитетот на образовниот процес и да се зголеми примената на различни интерактивни техники на поучување и оценување
- Системот за наградување на учениците не е доволно развиен и применлив во пракса
- Во Центарот не е обезбеден посебен тоалет за ученици со инвалидитет
- Подната површина во училиштето е во релативно лоша состојба
- Да се организираат обуки за членовите на училишниот одбор за успешно извршување на улогата на управување
- Да се воспостави поефикасен систем за соработка со родителите и нивно учество во креирањето на училишната политика

## *РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА*

Самоевалуацијата на ДУЦОР „Партенија Зографски“ – Скопје ја прикажува целосната слика за работењето на училиштето, постигнувањата, јаките и слабите страни. Врз основа на добиените податоци се идентификуваат приоритетните области за унапредување и осовременување на наставниот и вонnаставниот процес, со цел подобрување на условите и квалитетот на воспитно-образовниот процес. Примената на предложените мерки ќе овозможи ефикасно користење на постојните ресурси, мотивирање на вработените и учениците и континуиран развој на Центарот.